„НАТО 2030“ | ПОД ЗНАМЕТО НА ОН | АВИОН „MCDONNELL DOUGLAS F-15 EAGLE“ | ЛЕГЕНДАРНАТА ПУШКА „АК-47 – КАЛАШНИКОВ“

# ШТИТ


Број 137
Март 2021

ISSN 1857-6710


МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Припадници на Артилерискиот баталјон на 1.пбр на обука во зимски услови









# Промоција на 65 нови подоф

По цели 11 години пауза во Армијата беа промовирани 65 нови подофицери, обучувани од редот на професионалните војници во современа процедура и наставен план за обука. Свеченото промовирање го поздрави министерката Радмила Шекеринска, која им честиташе на новите подофицери за успешно поминатата обука, притоа истакнувајќи го значењето на подофицерскиот кор. „Вие сте столбот на Армијата, лидери и учители на професионалните војници. Бидете пример во извршувањето на задачите. Вашата служба ќе остави силен печат врз професионалниот развој на Армијата", рече Шекеринска на свеченоста во касарната „Илинден". Министерката изрази задоволство што почна пополнувањето на испразнетите 500 места за подофицерскиот кор. „Работевме напорно, иако тоа не беше лесно. Бројката на непополнети места од денес се намалува, а со следната тура од 55 обучени подофицери која ќе излезе по три месеци, веќе ќе имаме 120 нови подофицери. Лично како министерка ќе се заложам секоја година да ја повторуваме оваа бројка за да можеме по три години да кажеме дека целосно сме го обновиле подофицерскиот кадар во Армијата", истакна министерката. Шекеринска и додаде дека, и покрај пандемијата, Армијата не запре со своите планови и задачи, и дека по успешната 2020 година за одбраната, денешната промоција на 65 подофицери е вовед во активностите за 2021 година, кои треба да завршат со успешно воено интегрирање во НАТО и исполнет годишен план за модернизација на Армијата. „Измените во Законот за служба во Армијата кои отвораат можност за војниците со 45 години возраст се уште една причина да бидеме сите задоволни,



# ...ицери во Армијата

бидејќи ќе придонесе кон ново подобрување на условите за работа во Армијата и кон подобра соработка со вас, подофицерите, како лидери на професионалните војници“, посочи Шекеринска.
На свеченоста се обрати и заменикот-началник на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин. Тој ги поздрави успешните заложби на Министерството за одбрана и Армијата за враќање на подофицерскиот курс и рече дека со тоа му се дава заслуженото значење на овој дел од функционирањето на Армијата. „Очекуваме со целосна посветеност и во потполност да ги покажете стекнатите знаења во вашите единици каде ќе ја продолжите подофицерската кариера“, им порача тој на новите подофицери.
Во рамки на свеченоста, министерката Шекеринска, заменик министерот Башким Хасани и заменикот-началник Нуредин, им ги доделија сертификатите на тројцата најдобро рангирани подофицери: Николче Стојановски, Виктор Ефремов и Тодор Јанкуловски. Следната група за обука од 55 идни подофицери ќе ја започне наставата кон крајот на февруари и ќе трае до крајот на април. Обуката ја изведува наставна група од Командата за обука и доктрини, Баталјонот на специјални сили и Извидувачко-разузнавачкиот баталјон.







# содржина

ШТИТ | година XIII | број 137 | март 2020


Инфо 5

НАТО активности
**Агенција за управување со Програмата за рано предупредување и контрола на НАТО (NAPMA)** 6

НАТО активности
**„НАТО 2030“** 8

Жените, мирот и безбедноста
**Под знамето на ОН Иницијативи за поголема застапеност на жените во мировните мисии** 12

Едукација
**Здружени огнови и ефекти, управување со огновите и контрола на воздушниот простор** 18

Едукација
**Историски пример за несоодветна доктрина** 20

Глобал
**Новиот СТАРТ продолжен – светските нуклеарни сили под контрола** 24

Легендарни македонски пилоти
**Здравко Поповиќ и Димитар Наумоски** 28

Вооружување
**„ЈАК-141“ – Советски авион со вертикално полетување/слетување** 32

Вооружување
**Авион „McDonnell Douglas F-15 Eagle“** 34

Вооружување
**Легендарната пушка „АК-47 – Калашников“** 40

Воени музеи
**„Носач на авиони УСС МИДВЕЈ“** 48

Филм
**„Виулица од души“** 56

# Сајбер-безбедност

Сајбер-заканите се вбројуваат меѓу најзначајните безбедносни закани за современите општества. Зајакнувањето на националните капацитети за справување со сајбер-заканите и зголемувањето на сајбер-безбедноста станаа еден од клучните предизвици во рамките на државите, но и во меѓународни рамки и во рамките на колективните безбедносни системи. Во основата на справувањето со овој вид современи безбедносни закани, секако е добрата процена и планирањето на сајбер-одбраната, како и соработка, размена на информации и капацитети во рамките на колективното членство. Постоењето на стратегиски документи поврзани со овој предизвик е од клучно значење во напорите за зајакнување на капацитетите во областа на сајбер-безбедноста. Владата на Република Северна Македонија во изминатиот период сериозно го третираше проблемот со сајбер-заканите, и во таа насока во 2018 година беше донесена Национална стратегија за сајбер-безбедност 2018–2022, а последователно од Стратегијата произлезе и Акциски план во кој се дефинирани чекорите во имплементацијата на Националната стратегија за сајбер-безбедност 2018–2022. Овој Акциски план ги вклучува главните активности, потребни за зајакнување на националните капацитети за сајбер-безбедност. Развојот на Национална стратегија за сајбер-безбедност има основна функција да ги подобри рамковните услови во оваа област преку зајакнување на националните капацитети за справување со сајбер-заканите и подобрување на сајбер-безбедноста на национално ниво. Националната стратегија за сајбер-безбедност на Република Северна Македонија е стратегиски документ кој треба да служи како патоказ за развој на сигурно, безбедно, доверливо и отпорно дигитално окружување, поддржано од квалитетни капацитети кои се базираат на доверба и соработка во полето на сајбер-безбедноста. Со приемот на Република Северна Македонија во НАТО, меѓу другото, беше потребно да се направат посебни чекори за заштита на сајбер-просторот при активностите кои се одвиваат помеѓу државите членки на Алијансата. Во таа насока, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и помошникот генерален секретар на НАТО, Дејвид ван Вел, како претседател на Одборот за управување со сајбер-одбраната во НАТО, потпишаа Меморандум за разбирање и соработка на полето на сајбер-одбраната меѓу Северна Македонија и НАТО. Овој Меморандум за разбирање има цел да ја подобри и унапреди соработката и помошта во полето на сајбер-одбраната помеѓу НАТО и националните органи за сајбер-одбрана. „Сајбер-безбедноста е област која ја сфаќаме многу сериозно. Меморандумот за соработка со НАТО на полето на сајбер-одбраната овозможува координирана реакција на сојузниците во случај на сајбер-напад и претставува голем придонес за зајакнувањето на националните капацитети за справување со сајбер-напади, како и за зајакнувањето на отпорноста на Алијансата“, изјави министерката Шекеринска. „Сајбер-одбраната е приоритет за НАТО и неговите сојузници. Зајакнувањето на отпорноста кон растечките сајбер-закани е од критично значење, и овој Меморандум за соработка во сајбер-одбраната кој го потпишавме со Северна Македонија е важен чекор во таа насока“, рече помошникот генерален секретар Ван Вел.
Сега, кога сме членка на најголемата воено-политичка алијанса во светот, со потпишувањето на Меморандумот за соработка во сајбер-одбраната, имаме можност за добивање поддршка од страна на органите на НАТО за справување со ваквиот вид безбедносни закани. Меморандумот за разбирање и соработка на полето на сајбер-безбедноста помеѓу НАТО и Република Северна Македонија овозможува полесно споделување на информации за сајбер-заканите и најдобрите практики, како и подобра превенцијата на сајбер-инцидентите, со што се зајакнува и отпорноста на нашата држава од овој вид безбедносни закани.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)






ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.








# Министерката Шекеринска на министерски состанок на НАТО

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска учествуваше на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво министри за одбрана преку заштитена видеоконференциска врска. Во рамките на првиот работен ден министрите за одбрана ја започнаа подготовката на следниот самит на Алијансата, планиран да се одржи до крајот на годинава во Брисел. На првата работна сесија, министерката Шекеринска ги изнесе ставовите на нашата држава и ги поддржа предлозите на генералниот секретар Јенс Столтенберг поврзани со Иницијативата НАТО 2030, која има цел воено и политички да ја зацврсти Алијансата. Клучните препораки беа усвојување на поконкретни национални цели на отпорност, поголема иновативност, зголемувањето на политичката координација меѓу сојузниците, инвестирањето во одбраната и други елементи кои треба да бидат имплементирани во новиот Стратегискиот концепт на Алијансата планиран за 2022 година. Во однос на рамномерното споделување на товарот и одговорностите во Алијансата, министрите го поздравија континуираното седумгодишно зголемување на трошоците за одбрана за постигнување на препораките за достигнување на 2 проценти од БДП за буџетот на одбраната, од кои најмалку 20 проценти наменети за опремување и модернизација.  На состанокот, министерката истакна дека Северна Македонија веќе трета година по ред бележи континуитет во зголемувањето на одбранбениот буџет, при што во 2021 година тој е проектиран на 1,57% од



БДП. Со ова нашата држава  до 2024 година ќе го достигне нивото од 2%. Оваа година се обезбедени повеќе од 25% од одбранбениот буџет за опремување и модернизација на вооружените сили, со што Северна Македонија се вброи во групата од дваесет и четири сојузници кои веќе ја исполнија втората обврска од НАТО Самитот во Велс.

Вториот работен ден од состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО за одбрана беше посветен на иднината на НАТО мисиите во Авганистан и во Ирак. Во однос на НАТО мисијата „Одлучна поддршка“, во која со свои сили придонесува и Република Северна Македонија, министрите за одбрана го споделија ставот дека мировните преговори мора да продолжат, со јасен услов да се редуцира насилството и да се почитуваат условите од претходно постигнатиот договор.

Сојузниците се едногласни дека понатамошното присуство на Алијансата во Авганистан е засновано на исполнување на одредени услови и ниту еден сојузник нема да остане подолго во Авганистан отколку што е потребно. Алијансата ќе си замине од Авганистан тогаш кога ќе биде вистинското време за тоа. Ставовите на нашата држава во однос на НАТО мисијата во Ирак се усогласени со оние на министрите за одбрана на НАТО. На барање на Владата на Ирак, се очекува министрите да го прошират ангажманот во оваа мисија со повеќе персонал за обука и советување на безбедносните институции во Ирак. Проширувањето на НАТО мисијата ќе се одвива етапно, како одговор на ситуацијата во Ирак, а со цел Глобалната коалиција за борба против тероризмот да биде сигурна дека ИСИС нема повторно да се врати во оваа земја.




# Агенција за управување со Програма предупредување и контрола на НАТ

Агенцијата за управување со Програмата на НАТО за рано предупредување и контрола (NATO Airborne Early Warning and Control Programme Management Agency – NAPMA) е лоцирана во Холандија, а главната оперативна база за авионите AWACS се наоѓа во Германија. Оваа воздушна база на НАТО е дом на 14 авиони кои се опремени со радарски и пасивни сензори со долг дострел, способни да детектираат контакти во воздух и површина на големи растојанија. Силите за рано предупредување и контрола на воздухопловството на НАТО се едни од ретките воени средства што ги поседува и управува НАТО. Истурени бази за сместување на авионите се наоѓаат во: Konya во Турција, Aktion во Грција и Trapani во Италија, како и една локација која се наоѓа во Orland во Норвешка. Силите во состав на НАТО се наречени NATO Airborne Early Warning and Control Force (NAEW&CF), а Командата на силите (HQ NAEW&CF) е колоцирана со Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE) во Монс, Белгија. Мултинационалноста е клучна карактеристика на 16-члениот состав на нациите вклучени во Програмата за управување со организација NAEW&CF

Во текот на 1979 година повеќе членки на НАТО се придружија на Програмата за рано предупредување и контрола во делот на воздухопловството на НАТО. Таа била составена според одредбите на Договорот од Отава од 1951 година





# ...та за рано ...о (NAPMA)

(NATO Programme Management Organisation - NAPMO). Нејзиниот генерален менаџер за административните и кадровските работи е одговорен пред генералниот секретар на НАТО.
NAPMA беше наменета да трае краток временски период – за стекнување и испорачување на воздухопловите што ќе имаат оперативна улога во текот на повеќе години во нивната оригинална конфигурација. Но, со оглед на заканите што се развиваат и напредокот на технологијата, Алијансата наскоро го наметнала барањето за одржување на агенцијата преку суштински програми за модернизација на флотата NE-3A.
Во седиштето во Брунсум, Холандија, во текот на септември 2019 година беше прославен јубилеј - 40 години од формирањето на агенцијата, каде беше изјавено дека таа може да ги исполни оперативните барања на Алијансата со своите напредни способности за управување, контрола и надзор.
Агенцијата е составена од воени офицери испратени во агенцијата и од цивилни службеници од нациите што учествуваат во програмата. Секоја земја-учесничка има свој претставник во Одборот на директори и неговите комитети.
Претставници на генералниот секретар на НАТО, стратегиските команданти на НАТО од Белгија и САД, командантот на силите на НАТО за Airborne Early Warning и други тела на НАТО, исто така присуствуваат на состаноците на Одборот на директори и неговите комитети. Одборот на директори се состанува два пати годишно, за да ја разгледа програмата и да даде политика и насоки со стратешка насока. Два комитети – Комитетот за операции, планови и логистика и Комитетот за политика и финансии се состануваат неколку недели пред секој состанок на Одборот на директори. NAPMA е одговорна за планирање и координирање стратегии за управување со договори поврзани со модернизација на флотата NE-3A.
Агенцијата е организирана во следните девизии и канцеларии: Programme Management Division, Programme Support Division, Financial Controller's Office, Human Resources and General Services Office и Chief Engineer’s Office.
Мултинационалната соработка на Агенцијата за управување со програмата на НАТО за рано предупредување и контрола е клучна карактеристика на организацијата. Во моментов, 16 држави се учеснички во оваа агенција: Белгија, Чешка, Данска, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Шпанија, Турција и САД. Велика Британија има ограничено учество, но нивната флота на Е-3Д-авиони е составен дел на силите NATO Airborne Early Warning and Control - NAEW & C. Таа управува со своите шест авиони „Boeing E-3“ (оваа компонента е управувана само од персонал на кралските воздухопловни сили, за разлика од другите воздухоплови кои ги управува мешовит, интернационален екипаж на земјите-учеснички во програмата). Франција има улога на набљудувач и одржува постојана координација за да се осигура дека нејзините авиони „Boeing E-3“ остануваат интероперативни со другите флоти на „Е-3“ воздухоплови.

## Радарски систем AWACS

Флотата од НАТО авиони е лоцирана во НАТО-воздухопловната база „Geilenkirchen“ во Германија, и истата е составена од 14 авиони. AWACS (Airborne Warning and Control System) е радарски систем дизајниран за рано откривање на воздухоплови во одреден воздушен простор. Во текот на 60-тите години на минатиот век, станало јасно дека воените авиони повеќе не можеле да летаат доволно високо за да ги избегнат противвоздушните проектили. Од друга страна, дошло до прикриено летање над различен вид терен и на различна височина. Посебно се наметнала потребата од следење на воздушниот сообраќај на многу мали и големи височини. За да се здобијат со способноста од следење со помош на радари од височина, се дошло до идеја за нивно инсталирање на воздухопловите, а воедно започнала и нова ера на набљудување. Авионите обезбедуваат надзор на воздухот и можност за рано предупредување преку пренесување податоци до командните и контролните центри на копно, на море и во воздух.
НАТО управува со флота авиони на системот „Boeing E-3A“, со нивните карактеристични радарски куполи поставени на трупот на трупот.
Тие ѝ обезбедуваат на Алијансата воздушен надзор, команда и контрола, управување со битката и комуникациите. Во текот на 2019 година, генералниот секретар на НАТО и претседателот на „Boeing International“, одбележија голема инвестиција во флотата на Алијансата со набљудувачките авиони. Договорот од милијарда долари на НАТО со „Boeing“ ќе ја модернизира флотата AWACS, осигурувајќи дека тие ќе продолжат да ги поддржуваат мисиите на Алијансата до 2035 година.

Драган Павловски









# „НАТО 2030" ПРЕДИЗВИК НА ИДНАТА ПОЛИТИЧКА УЛОГА НА АЛИЈАНСАТА (Прв дел)

НАТО од своето формирање во 1949 година континуирано се наоѓа во фаза на приспособување, во согласност со стратегиските промени во безбедносната околина и новопојавените предизвици, закани и ризици по безбедноста во Евроатлантската област. Постојаното приспособување придонесе НАТО да им одолее на тектонските промени во безбедносната околина и да опстане на политичката сцена како еден од најзначајните политички и воени сојузи и како фактор на влијание врз планетарната безбедност. Алијансата е организација во постојано менување

Секоја изминатата година потврдува дека минатите и тековните приспособувања не се гаранција за успехот во иднина. Затоа, НАТО мора приспособувањето на промените во стратегиската околина да го има како есенција на својот функционален опстанок и постоење, со цел да преживее и да остане ефективен и релевантен колективен одбранбен систем во согласност со потребите на земјите-членки и нејзините граѓани. Се чини дека на сите стратешки приспособувања им претходеле неформални групи кои го трасирале патот на промени во Алијансата.

Промените официјално се озваничувале преку самитски декларации и придружни документи и биле вовед во носењето на Стратегиските концепти на Алијансата. Ако се навратиме на историјата, првата промена се случи во 1956 година со формирањето на „Wise Men Group", која имаше цел да „советува за начините и средствата со кои ќе се унапреди и ќе се прошири соработката на НАТО во невоените области и да развие поголемо единство со Атлантската заедница („The Wise Men Group", 1956). Вториот посериозен чекор во адаптирањето на Алијансата се случи во 1967 година со т.н. Хармелов извештај, со кој се препорача „дека првата функција на НАТО беше да одржува соодветна воена сила и политичка солидарност за да ја одврати агресијата и останатите форми на притисок и да ја одбрани територијата на земјите членки" (The Harmel Report, 1967). Хармеловиот извештај резултираше со усвојувањето на Четвртиот стратегиски концепт на Алијансата во јануари 1968 година и Доктрината за флексибилен одговор. Оваа политика на Алијансата се покажа како клучна за победата во Студената војна и се чини дека сите следни приспособувања и трансформации својата основа ја имаат токму во препораките од Хармеловиот извештај. Во годините на Студената војна, основен






предизвик пред Алијансата беше нејзино опстојување не само како организација, чиј одраз е воената моќ, туку и како кредибилен играч на политичката сцена и како релевантен политички фактор во новата средина. Тоа подразбираше нејзина трансформација од воена во воено-политичка алијанса. Со крајот на Студената војна, односно во 1991 година, НАТО ја направи својата најголема адаптација со првиот отворен за јавноста стратегиски концепт, при што поранешните комунистички држави, вклучително и наследникот на СССР – Русија, повеќе не се перципираа за непријатели туку за партнери. Со довчерашните идеолошки непријатели НАТО започна да гради партнерски односи кои постепено резултираа со покана за нивно членство во Алијансата во неколку фази. Иницијатор на следната адаптација на Алијансата беа нападите на Светскот трговски центар во САД и способноста на терористичките групи да ја загрозат безбедноста на добрата и на граѓаните на земјите членки на Алијансата. Во 2009 година од страна на генералниот секретар на НАТО Anders Fogh Rasmussen беше воспоставена експертска група предводена од поранешниот државен секретар на САД, Медлин Олбрајт, група која го изработи Извештајот „NATO 2020: Assured Security; Dynamic Engagement“ (NATO, 2010). Овој Извештај беше основа за драфтирање и подоцна усвојување на третиот отворен за јавност Стратегиски концепт на Алијансата во 2010 година. Промените во безбедносната околина предизвикани од агресивната политика на Русија и растечката политичка, економска и воена моќ на Кина, придонесоа во светски рамки за промени во политиката и во механизмите за одговор на заканите на Алијансата. Започнувајќи од Самитот во Велс во 2014 година и паралелно со секој Самит, Алијансата носеше одлуки за градење на соодветни механизми за одговор на ваквите растечки воени закани (Русија) и политички и економски предизвици (Кина). Сетот мерки се состои во унапредување на политиката на одбрана и одвраќање, како и на политиката за рамномерно распоредување на товарот и трошоците меѓу членките на Алијансата, како и на механизмите на Enhanced Forward Presence, the Readiness Action Plan и NATO Readiness Initiative. Благодарение на тоа приспособување, НАТО сега поседува повеќе механизми, не само за одвраќање на воената закана од Русија, туку и за борба против тероризмот и за хибридните и сајбер-заканите. Со цел понатамошно јакнење на политичката димензија на НАТО, една од одуките на Самитот на НАТО во Лондон 2019 година беше да се иницира „reflection process“. Иницирањето на „reflection process“ претставува сериозен исчекор кон подготовката на нов Стратегиски концепт на Алијансата и ќе го трасира патот на развој на Алијансата до 2030 година и потоа. Почитувајќи ги одлуките, во април 2020 година генералниот секретар Столтенберг назначи посебна независна група „Reflection Group“, составена од девет еминентни експерти и предводена од Thomas de Maizière и A. Wess Mitchell, кои беа задолжени да ги анализираат и сумираат промените во безбедносната околина и да ги проценат правците за зајакнување на политичката димензија на Алијансата во наредниот период. Во ноември 2020 година од страна на генералниот секретар Столтенберг официјално беше промовиран Извештајот на Reflection Group под наслов „NATO 2030: United for a New Era”. Во него се содржани 138 препораки и анализи на Reflection Group за кои се препорачува дека доколку целосно или делумно бидат усвоени и имплементирани ќе го трасираат патот за политичкиот развој на Алијансата до 2030 година и потоа. Ако НАТО ги прифати и ги имплементира сите или повеќето од препораките претставени во „NATO 2030: United for a New Era”, тогаш Алијансата ќе стане повеќе флексибилна, цивилизирана, меѓународно поврзана, насочена кон заштита на климатските промени и искористување на изворите на зелена енергија за воени потреби. Приспособениот НАТО ќе биде извор на стабилност во нестабилниот свет. Очекувањата се дека овие препораки ќе бидат имплементирани во новиот Стратегиски концепт кој се очекува да биде промовиран од страна на НАТО, најверојатно на следниот Самит на Алијансата во 2021 година. Секое одолговлекување на ажурирањето на Стратегискиот концепт може да го попречи процесот на предвидување на заканите и да го зголеми ризикот од несогласување или импровизација во случај на криза. Денес, а и во иднина, НАТО мора политички и воено сè повеќе да се приспособува, со цел да одговори соодветно на новите предизвикувачки закани. Добро познатите закани како тероризмот во сите негови појавни форми и манифестации ќе продолжи

Ако НАТО ги прифати и ги имплементира сите или повеќето од препораките претставени во „NATO 2030: United for a New Era”, тогаш Алијансата ќе стане повеќе флексибилна, цивилизирана, меѓународно поврзана, насочена кон заштита на климатските промени и искористување на изворите на зелена енергија за воени потреби




да егзистира, но се појавуваат и нови ризици чиј опсег се движи од пандемии и климатски промени па сè до современите повеќенаменски технологии кои претставуваат ризик, но и можност за Алијансата. Прифаќањето на новата улога на Алијансата подразбира и поголема кохезија и способност да се дејствува заеднички против споделените закани. Тоа е начинот како НАТО да биде во посилна позиција отколку останатите ривали. Подготовката на нов концепт може да се сфати како можност за воспоставување на јасни приоритети, да ја зацврсти кохезијата и да ја одведе Алијансата во нова стратегиска реалност и да ги спои различните нишки на приспособување во една единствена стратегиска реалност.

Во согласност со наодите и анализата изнесена во Извештајот на Reflection Group, денес, НАТО се соочува со бројни закани, и тоа: со два системски ривали (Русија и Кина) и нивниот економски и воен раст, трајната закана од тероризмот, нестабилноста долж јужната граница на Алијансата, драматичната промена во технологијата, бројните и вознемирувачки закани од недржавните актери и од човекот предизвикани катастрофи, како и природните непогоди. Оваа низа ја надополнува подготвеноста на противниците кои на секој можен начин се стремат да ги искористат во своја полза различностите на сојузниците и да ја поткопаат колективната безбедност и кохезија на Алијансата. Доколку членките на НАТО не се солидаризираат и не се обединат во процесот на брзо донесување одлуки, постои опасност сами да се соочат со овие закани. Справувањето со нетрадиционалните закани кои ги тангираат нашите општества е во постојан пораст, а ниту Европа ниту Северна Америка не се доволно моќни сами да се справат со овие закани.

Процесот на рефлексија – НАТО 2030 има три главни приоритети, и тоа:

– За да ја задржи својата воена моќ и за да го оствари овој приоритет НАТО мора да инвестира многу повеќе во развојот на способностите, во робусна инфраструктура, во нови технологии, како и да ја зајакне соработката со партнерите како Европската Унија, но и да гради отпорност како колективен напор. Напорите на ЕУ да инвестира во одбраната ќе ѝ помогнат да развие нови способности кои ќе бидат исто така достапни и за НАТО сојузниците. Дополнителните инвестиции во овој сектор ќе придонесат за ревитализација на Европската одбранбена индустрија. НАТО е основата на безбедноста на ЕУ, но 20% од трошоците во одбраната доаѓаат од членките на ЕУ, а 10 % остануваат на европските сојузници на НАТО и Канада, додека САД придонесува со 70% во севкупните трошоци на Алијансата. Во однос на популацијата, дури 50% од населението живее во земјите членки на ЕУ.
– Да ја направи Алијансата политички посилна – НАТО е единствениот форум за соработка каде Европа и Северна Америка се среќаваат и соработуваат секој ден. Тоа е уникатна платформа каде сојузниците



дискутираат по сите прашања кои ја засегаат безбедноста на Алијансата и претставува најдоброто место каде може да се разговара за различностите меѓу сојузниците. Дискусиите се најдобриот начин за да се решат сите отворени прашања и да се надминат разликите меѓу сите 30 сојузници. Исто така, тоа е најдобриот начин за поефикасна и координирана употреба на воените, економските и политичките механизми.

– Да се осигура дека Алијансата ќе има поголем глобален пристап – НАТО треба да остане регионална организација за Европа и Северна Америка. Повеќе од јасно е дека ниту Европа ниту Северна Америка можат ефикасно да се справат со предизвиците по безбедноста, онака како што НАТО заеднички се справува на глобално ниво. Најдобриот начин за справување со глобалните предизвици е преку заедничко дејствување на Европа и Северна Америка. Заедно во НАТО, тие претставуваат половина од економската моќ и половина од воената моќ во глобални рамки. За да го задржи ова, Алијансата мора да се приспособи и да има поглобален пристап, како и да изгради заедница на демократии со постојните партнери како Австралија, Јапонија, Нов Зеланд, но и да воспостави нови партнерства со земјите кои споделуваат исти демократски вредности како Индија и Бразил.

НАТО, за да опстои, прави многу за да се справи со растечките закани во непредвидливото опкружување, но светот денес се менува многу побрзо отколку во минатото. Затоа, ако сака НАТО да преживее мора да се адаптира многу побрзо на промените во безбедносната околина. Без разлика на стратегиското опкружување, визијата на Алијансата е до крајот на оваа декада да остане стратегиски центар на гравитација за колективната одбрана на сите нејзини членки; со консензус да ја зајакне проактивната улога меѓу сојузниците и да придонесе во изградбата на стратегии за справување со заедничките закани; различните погледи на светот и фундаментални разлики во мислењето да не бидат пречка за дијалогот и соработката; продлабочување и зајакнување на заемните односи со партнерите кои ги споделуваат вредностите на ОБСЕ и изградба на посилни односи и поинтензивни консултации со Европската Унија. За да ја оствари оваа визија, потребно е Алијансата да ги зголеми напорите и да им дозволи на сојузниците слободно да ја обликуваат својата судбина, подеднакво да го сподели товарот кој доаѓа со колективната безбедност, да го измени конвенционалниот пристап во одлучувањето за колективната одбрана и да го замени со нуклеарен и хибриден процес на одлучување за безбедноста во Евроатлантската област и најважното, да го промени процесот на одлучување и политичка имплементација, притоа превенирајќи го принципот на консензус, со истовремена гаранција дека Алијансата е подготвена да се справи со заканите и променливата безбедносна околина. НАТО мора да се приспособи доколку сака да опстане и да продолжи да има водечка улога и политичко влијание во наредниот период. За да го постигне тоа, НАТО во догледно време треба да направи бројни концепциски, политички, структурални, организациски, воени и други промени. Тие промени подразбираат целосна или делумна имплементација на 14. главни препораки, односно на 138 детални препораки од „НАТО 2030, United for a New Era“. Приспособувањето треба да биде насочено кон справување со растечките закани, но и обезбедување на системско ривалство, односно парирање на агресивната политика на Русија која се сфаќа како директна воена закана по безбедноста на НАТО и економскиот предизвик и раст на политичкото влијание на Кина во Европа, како и на сè позначајната улога која ја имаат Emerging and Disruptive Technologies (EDTs).

д-р Игор Ѓорески






# Под знамето на ОН

## Иницијативи за поголема застапеност на жените во мировните мисии



На првата конференција биле утврдени целите кои станале основа за понатамошните активности на ОН по прашање на родовата еднаквост: целосна родова еднаквост и борба против родова дискриминација; интегрирање на жените во општествениот развој; поголемо учество на жените во јакнењето на светскиот мир, доволно добра основа за напорите на меѓународната јавност за вклучување на жените во мировните операции ширум светот.

Од своја страна, Секретаријатот на ОН прави напори за интегрирање на родовите прашања во областите на делување на Одделот за мировни операции при ОН (DPO). Со усвојување на Резолуцијата 1325, прва резолуција на Советот за безбедност на ОН (СБ) за жените во мировните процеси, меѓународната

Во рамките на градењето на новото општество по II светска војна, сè поголемо внимание предизвикувало и прашањето на еднаквост на правата на жените во градењето на светскиот мир. На конференции под покровителство на ОН се започнало со развој на стратегии и планови за унапредување на застапеноста на жените во донесувањето одлуки во јавниот и политичкиот живот








И во време на здравствена криза жените останаа многу важен фактор во превенцијата од конфликти, медијаторството, миротворството и градењето на мирот. На локално ниво, тие се клучни „актери“ во трансформативните процеси во Авганистан, Колумбија, Сирија, Јемен и други земји., и покрај ограничениот пристап до ресурси и влијание при донесувањето политички одлуки

заедница ги декларирала: неопходноста од учество на жените во активностите за спречување конфликти и во мировните процеси; потребата од вклучување на родовата перспектива во мировните операции; важноста на специјализираната обука за заштита на правата на жените во конфликтни ситуации.
Појавата на CORONA-вирусот минатата година, не само што го одвлече вниманието на меѓународната заедница од родовите прашања, туку ги доведе во прашање и стекнатите придобивки од активностите за родова еднаквост во последните неколку години. Едновремено, пандемијата само го потврди значењето на програмата „Жените, мирот и безбедноста“ и величината на жени-лидери во кризна состојба.

### Резолуцијата на ОН 1325 и програмата „Жените, мирот и безбедноста“

Резолуцијата на СБ 1325 (2000 г.) била усвоена повеќе како резултат на сѐ поголемиот притисок за поголема заштита на правата на жените во вооружените конфликти (кои зачестиле во 1990-тите), врз СБ од страна на јавноста, делегациите во ОН од неколку африкански земји и UNIFEM (UN Development Fund for Women). Таа претставува прва резолуција на СБ која е фокусирана на суштинската улога на жените во решавањето на вооружени конфликти и градењето на мирот, како и нивно вклучување во безбедносните институции. Документот ги обврзува членките на ОН на четири основни принципи:  спречување насилство врз жени; подеднакво учество на жените во процесите на донесување одлуки на државно и на меѓународно ниво; заштита на жените во конфликтните области; рехабилитација на жените за време и после конфликт.
Резолуцијата 1325, воедно, претставува основа на програмата „Жените, мирот и безбедноста“ (WPS), термин кој се користи за нагласување на поврзаноста на жените и нивните улоги при разрешување на локални и меѓународни вооружени конфликти, како и нивниот придонес во активностите на органите на ОН, националните влади и невладиниот сектор.

На самите почетоци на напорите за целосна имплементација на Резолуцијата, ОН започнале со формирање тела во рамките на мировните мисии: советници за родови прашања, централни родови точки, советници за заштита на жените и централни точки за жени. Биле одобрени и првите регионални и национални акциски планови, а DPO ги пропишал првите регулативи: Имплементација на Резолуцијата 1325 за безбедност на жените во контекст на миротворството, Родов ресурсен пакет за мировни операции и Стратегија за развој на родовото прашање 2014-2018. Веднаш потоа се започнало и со определување критериуми за следење на имплементација на програмата „WPS“.

### Elsie-иницијативата

На Министерскиот одбор за мир на ОН, во 2017 г. Канада ја промовирала Elsie-иницијативата за жени во мировни операции. По две години, UN Women, заедно со Извршната канцеларија на генералниот секретар на ОН (ГС), DPO и Multi-Partner Trust Fund Office на UN Development Programme, го формирале Фондот за имплементација на Иницијативата. Со Иницијативата Канада се обврзува да: ги елиминира бариерите за позначајно учество на жени во мировните операции и во воените и полициските состави; обезбеди техничка помош и обука за земјите контрибутори со персонал; формира заеднички фонд за поддршка на зголемено распоредување униформирани жени во операции; помогне при избор на мисии за поголемо учество на жени во истите. Во 2017 г. униформираните женски мировници сочинувале само околу 3%. Во ноември 2020 г. од вкупно 70.028 распореден персонал, жени биле 3.425 (4,9%), а петте земји, најголеми контрибутори на униформиран женски персонал биле: Гана (12,9%), Етиопија (10,1%), Танзанија (8,4%), Уругвај (6,8%) и Руанда (5,5%).
Ваквите проценти на жени во составите на мировните контингенти, воедно го отсликуваат недостатокот на жени во националните вооружени сили на земјите кои придонесуваат со униформирани состави. Со цел ваквиот дефицит да биде решен, ОН презема конкретни активности, објавувајќи

Стратегија за униформиран родов паритет, која поставува цели за учество на жените во мировните сили за периодот од 2018 до 2028 г. со цел жените да сочинуваат 15% од воените контингенти и 20% од формираните полициски единици до 2028 година.




## „Жените, мирот и безбедноста“ и иницијативата „Акција за мир“

Имплементацијата на приоритетите на агендата WPS е политичка определба вградена во иницијативата на ГС „Акција за мир“ (A4P), и се реализира преку: обезбедување совети и насоки за поголемо учество на жените во политичките процеси во сите фази на мировните процеси; интегрирање на родовата перспектива во сите фази на планирањето, преку локалните, националните и регионалните институции; зајакнување на важни партнерства со граѓански организации на жени и поддршка на спроведувањето на нивните иницијативи; зголемување на бројот на цивили и униформирани жени во мировните сили на сите нивоа и на клучните позиции.

Покрај актуелните мерки предизвикани со пандемијата на COVID-19, области на кои се посветува поголемо внимание во рамките на A4P-програмата се и лидерството во мировните операции, соодносот на бројот на цивили и униформирани жени наспроти мажи во мировните сили на сите нивоа и на клучните позиции, како и бројот на жени во воените и полициските сили.

## Жените во мировните процеси за време на пандемијата COVID-19

И во време на здравствената криза, жените останаа многу важен фактор во превенцијата од конфликти, медијаторството, миротворството и градењето на мирот. На локално ниво, тие се клучни актери во трансформативните процеси во Авганистан, Колумбија, Сирија, Јемен и др., и покрај ограничениот пристап до ресурси и влијание при донесувањето политички одлуки.

Во услови на ограничено движење, жените, сепак беа значително вклучени во виртуелните (online) состаноци и консултации. Ваквата ситуација ја наметна и потребата од нивна поголема вклученост во државните институции и делегации.

И командите на мировните операции го потврдиле различното влијание на CORONA вирусот врз жените и мажите, што влијае на насочувањето на активностите на терен. Секцијата за родови прашања при DPO, во консултации со мисиите на терен, разви програма за прибирање податоци и анализа за имплементација на WPS-агендата на терен во услови на пандемијата (COVID-19 and Gender Equality and WPS).

И во услови на пандемија DPO продолжи да ја спроведува родовата политика насочена кон примена на резултати од останатите области на програмата „A4P“: зајакнување на лидерството и отчетноста, подобрување на процесот на прибирање докази за кршење на човековите права и нивна анализа, унапредување на партнерствата во и надвор од рамките на ОН, и зајакнување на капацитетите за спроведување на приоритетните обврски во рамките на A4P-иницијативата. Во областа на подобрување на одговорноста на „сините шлемови“, во вкупно 9 мировни мисии веќе се во примена 15 индикатори за имплементација на одредбите од WPS-агендата, со што е поедноставено извршувањето на задачите. Квалитативната и квантитативната анализа на добиените податоци од овие анализи се користат во процесите на донесување одлуки и идентификување на проблематичните области. Особени резултати се постигнати во мисиите MONUSCO во Конго, UNIFIL во Либан и UNMIK во Косово.

Може да се заклучи дека на учеството на жените во миротворството не му е посветено целосно внимание. По извршените анализи на ваквата состојба, аналитичарите во ОН како причини за ова ги наведуваат бавниот и некоординиран одговор на пандемијата од страна на СБ на ОН, недоволното учество на жени во формалните мировни процеси и недоволно вклучување на жените во процесот на распределба на финансиите.

М.С.






# Лажните вести – закана за безбедноста и кредибилноста на медиумите

Лажното информирање на јавноста или давање лажни вести се врши со цел намерно да се објави некоја пропаганда или дезинформација, а социјалните мрежи се користат за да се засили нивното ширење и нивната читаност

Лажните вести не се нов феномен, имаат релативно долга историја преку различни појавни облици и манифестирања кои се случувале. Оваа категорија на вести не е исклучок ниту во нашата земја и во регионот околу нас. Лажните вести се неточен, сензационален извештај или едноставна медиумска објава креирана за да привлече внимание, да изнуди заблуда и измами или, пак, за да оштети одредена репутација. Лажните вести често имаат само еден извор. Друга стратегија за идентификација на лажни вести е да се провери името на доменот на домаќинот и URL-то. Често, лажните вести изгледаат дека имаат легитимно име на име на домен, но имаат URL-адреса што завршува со com или, пак, со некој со или друг необичен суфикс. Лажните вести можат да се однесуваат на лажни нови приказни, кои често се шират како пропаганда на социјалните медиуми. Лажните вести се прават со цел да се заведат читателите, слушателите, гледачите, за политички, финансиски и други цели. Во последно време лажните вести се промовираат во Германија, Индонезија, Филипините, а се промовираат преку сајтови во повеќе земји, вклучувајќи ја и Македонија. И, затоа, Европската комисија се обидува да го реши овој проблем.

Според класификацијата на Клер Вардл од „First Draft News10“ постојат повеќе видови лажни вести. Некои од нив, всушност се лажни (дезинформации), други се репродуцираат како дел од човечка грешка или одредени предрасуди.

Во секој случај, сите тие имаат многу општа врска со вистината и во основа се насочени кон континуирана намера за манипулација и измама. Ќе ги споменеме некои од нив. Сатира или пародија, лажна конекција, лажлива содржина (измамничка содржина), лажен контекст, содржина – натрапник, манипулирана содржина, фабрикувана содржина односно 100 % лажна, измислена содржина создадена со цел да се изврши измама. Социјалните медиуми во денешно време осигуруваат дека лажните вести се шират побрзо од кога било и постојано се зголемува нивното влијание во светот. Лажните вести немаат врска со изворите. Овие состојби имаат тенденција да играат несигурност, двоумење и страв. Во оваа смисла, важно е да се истакне улогата на медиумите, потребата за поставување на медиумските марки кои треба да овозможат враќање и одржување на довербата на потрошувачите.

Фразата „лажни вести“ е збрка на конфликтни значења. Празни зборови. Лажните вести имаат карактер на „лесно паѓање“, пред сѐ поради растечкиот пад на довербата на




*Лажните вести отсекогаш постоеле. Тие се закана за безбедноста и затоа мора да се постапува внимателно, односно да се вршат проверки, особено на фактите, преку кои се утврдува дали информацијата е лажна вест или не. Кога медиумите се во криза тогаш може да се појави одредена недоверба и затоа лажните вести ја доведуваат кредибилноста на медиумите. Сè е во начинот на убедувањето и проверувањето на фактите.*

медиумите и институциите. Затоа е потребна проверка на фактите без пристрасност. Потребно е да се биде критичен за лични, морални и политички предрасуди при читање на информации или вести. Еден од подвидовите на лажните вести е и спинот. Спинувањето е лажлива, односно измамничка содржина. Може да се дефинира како „извртување“ на определена информација или репортажа за случка, со цел таа да се пласира на онаков начин како што им одговара на лицата кои ја објавуваат. Според Вилијам Сафир, „спинувањето“ се означува како нешто што во себе има „нечесни“, „измамнички“ и „високо манипулативни“ тактики. Претставува неодречно одрекување, лажно извинување, „грешки беа направени“, избегнување одговор на прашање, фразирање кое претпоставува недокажани тврдења, закопување на лоши вести, диверзија.....
Масовната појава на овие вести го инспирирала професорот Сандер ван дер Линден од Универзитетот „Кембриџ“, од Катедрата за психологија, да развие „вакцина“ за да ги направи луѓето имуни на пропагандата што се шири со ваквите дезинформации и за која вели дека е како вирус кој лесно се пренесува од читател на читател. Неговата идеја била да ја примени когнитивната психологија (гранка на психологијата посветена на изучувањето на човековото сознавање, учење и однесување) и преку неа да создаде отпорност кај луѓето на таквите информации, така што следниот пат кога ќе отворат таква вест да не ја ни забележат и лесно да ја одминат. Со неговиот експеримент, спроведен врз околу 2 000 граѓани на САД, на граѓаните им била презентирана една иста вест во две различни верзии – вистинска и лажна.

## Медиумската писменост како противмерка за лажните вести

Реагирањето на лажни вести, пропаганда и лаги со видлива проверка на факти и разоткривање може да го зголеми нивото на врева, да ја направи вистината релативна, да ја зголеми поларизацијата, да создаде слика на медиумите како пристрасен чинител – и конечно да заврши со извршување на задачата на пропагандата. Лажните вести понекогаш наоѓаат пат во инаку кредибилни медиуми и новински агенции. Спротивно на ова, вистински вести може да се појават на новински сајтови кои шират лажни вести. Затоа, водење листа на сајтови на лажни вести може да доведе до лажна сигурност, па дури и да биде извор на грешки. Во врска со правниот дел од овој светски проблем, интересен е случајот на сирискиот емигрант Анас Модамани во Германија, кој неодамна ја тужеше компанијата „Фејсбук“ бидејќи не ја спречила лажната вест која го поврзувала со тероризам. Имено, по пристигнувањето во Берлин во септември 2015 година, тој ја искористил можноста да се слика со канцеларката Ангела Меркел, која го посетила кампот каде што бил сместен. Веднаш откако ја објавил сликата на својот Фејсбук-профил, на социјалните мрежи се појавиле вести кои прво го поврзале со терористичкиот напад во Брисел, а потоа и со нападот на трговскиот центар во Берлин. Тој дури и го деактивирал својот Фејсбук-профил во обид да се заштити, но жената кај која подоцна престојувал како потстанар му кажала дека неговата фотографија се појавила на интернет. Адвокатот на Модамани, Чан Јо Јун, во ноември 2016 година повел истрага против Марк Зукерберг и против останатите извршни директори на Фејсбук, бидејќи и покрај жалбата на Модамани, од социјалната мрежа Фејсбук не биле тргнати расистичките коментари и написи за него, кои според германското право претставуваат говор



Решението за справувањето со лажните вести е медиумската писменост. Медиумската писменост во нашата земја има свои скромни почетоци преку иницијативи покренати од државни институции и невладини организации, често во соработка со странски ентитети. Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги е државна институција која има обврска да промовира медиумска писменост со законски одредби




на омраза.  За „Би-би-си" , Јун изјавил дека Фејсбук многу лошо се справува со протекувањето на лажните вести, особено со оние лажни вести кои содржат клевета врз некоја личност. Адвокатот Јун поднел барање до Фејсбук да забрани објавување на сликата на емигрантот Модамани во контекст со терористичките напади во Берлин и во Брисел. Претставник на Фејсбук изјавил дека откако го добиле барањето, го оневозможиле пристапот до содржината, па затоа сметаат дека оштетениот нема никаква основа да тврди дека е повредено некое негово право. Според тврдењата на адвокатот, сепак не е отстранета целата содржина која шири говор на омраза и сè уште можат да се најдат слики на социјалната мрежа.

Решението за справувањето со лажните вести сепак е медиумската писменост. Институтот за лидерство во медиумска писменост од Аспен во 1992 година започнал со дефинирањето на медиумската писменост како „способност да се анализира, евалуира и креира медиумска содржина во разни форми. Подоцна, Центарот за медиумска писменост ја прошири оваа дефиниција во „медиумската писменост е пристапот кон образованието од XXI век врз која може да се прибави, анализира, евалуира, креира и да се учествува со пораки во различни форми – од печатени до видеосодржини на самиот интернет. Медиумската писменост треба да овозможи разбирање на улогата на медиумите во општеството, како и создавање основни вештини за трагање по информации и самоискажување- кое е потребно за граѓаните во демократијата.




Медиумската писменост во нашата земја има свои скромни почетоци преку иницијативи покренати од државни институции и невладини организации, често во соработка со странски ентитети. Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги е државна институција која преку законски одредби има обврска да промовира медиумска писменост. Во таа насока, изработена е Програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Северна Македонија, според која се утврдени целите како ќе се зголемува медиумската писменост, односно  подобрување на условите за граѓанско и демократско учество во стумулација на дебати, односно јавност. Во рамките на Програмата е формирана и мрежа за медиумска писменост во која се вбројуваат различни државни институции, образовни установи, граѓански организации и медиуми. Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во соработка со Институтот за различности во медиумите од Лондон и еден дневен весник,  исто така го реализаираа проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации". Значи, потребна е поголема посветеност, доследност во справувањето со лажните вести, но и вклучување на предмет Медиумска писменост во образованието. Исто така, потребно е да се посвети поголемо внимание на финанисрањето на медиумите. Треба да постои „издржливо финансирање" за на читателот да му се дадат релевантни информации, односно она што тој сака да го слушне, да го прочита или да го гледа.

м-р Зоран Василевски



# Здружени огнови и ефекти, управување со огновите и контрола на воздушниот простор

Планирањето на операции е невозможно без сфаќање на состојбата и условите на оперативното опкружување во поширока смисла. Воените планери мора да ја сфатат крајната цел во контекст на оперативното опкружување. Воените лидери и нивните штабови мора континуирано да ги следат состојбите и условите, бидејќи во модерното и динамично војување тие рапидно се менуваат во текот на изведувањето на операциите. Правилното согледување на оперативното опкружување му овозможува на воениот лидер полесно дефинирање и редефинирање на проблемот.

Денес, воздушниот простор како дел каде се изведуваат операции, претставува елемент кој е искористен од копното како простор за војување. Во суштина, во воздушниот простор пред и за време на операциите се среќаваат: беспилотни летала и системи, разни воздухоплови и разни проектили или ракети кои се движат кон целта. Тоа ја наметнува потребата од беспрекорна контрола и координација на воздушниот простор. Имајќи предвид дека во операциите може да се вклучени сите видови и родови на армиите, најголем предизвик е управувањето со огновите (деконфликт на сите нивоа) и контролата на воздушниот простор. Процедурите за контрола и координација на воздушниот простор треба да овозможат интеграција, координација, адаптибилност и флексибилност во здружените единици. Правилните процедури ќе овозможат побрз тек на операциите и поголема безбедност и заштита на персоналот и техниката за време на операциите. За време на операциите мора да се пропишат и да се запазат процедури за контрола на воздушниот простор, со цел да се олесни и процесот на контрола и деконфликт во воздушниот простор и на ниво на бригада (маневарски единици). Командантот на воздухопловните сили или ACC (Air Component Commander) начелно делегира одговорност на друг авторитет (ACA – Airspace Control Authority), кој ќе го координира целокупното движење во воздушниот простор над зоната на операции. Во текот на операциите командантите на копнената компонента директно се поддржани од Оперативниот центар за воздушна поддршка или ASOC (Air Support Operation Centre), кој вообичаено треба да се наоѓа до Координативниот центар за здружени огнови и ефекти или JFECC (Joint Fires and Effects Coordination Centre). Оперативниот центар за воздушна поддршка одредува задачи и ги координира елементите за воздушна

поддршка во насока на дадената мисија на здружената единица, без притоа да ја загрози безбедноста во воздушниот простор.
На бригадно рамниште постои елемент за контрола на воздушниот простор (ACE – Airspace Control Element). Елементот за контрола на воздушниот простор е подреден на Оперативниот центар за воздушна поддршка или ASOC и една од главните задачи е да побарува воздушна поддршка или останати елементи за потребите на командантот на бригадата (маневарска). Елементот за контрола на воздушниот простор е огнови или JFE (Joint Fires Element) во потчинетите единици. Од огромно значење е самото физичко присуство и интеграција на JFECC во рамките на командата на борбената група, со што директно може да се координираат побарувањата за оган од и со JFT (Joint Fires Team) на пониско рамниште и да се направи деконфликт во делот на извршувањето на огновите на ниво на огнени единици кои се во рамките на борбената група. Главен предизвик на тоа рамниште е координацијата и деконфликтот во воздушниот простор со елементот за контрола на воздушниот простор (ACE – Airspace Control Element). прашање е брзата координација, повици за оган и одобрувањето за гаѓања со повисоките нивоа на координација и синхронизација.
Еден од повеќето фактори кои налагаат дополнителна потреба од детални координации и деконфликти во воздушниот простор е и константното зголемување на дострелот на артилериските орудија. Со зголемувањето на дострелот се зголемува и темето на патеката на проектилите/ракетите, односно најголемата висина на кои тие летаат, со што директно се влијае на нарушувањето на воздушниот простор и веднаш се

Изведувањето на операциите го следи процесот на планирање, подготовка, извршување и непрекината анализа. Овие кружни активности следат една по друга, не се одделни, се преклопуваат и се повторуваат во согласност со ситуацијата. Како целина го сочинуваат процесот на изведување операции




дел од Тактичката група за контрола на воздушниот простор (TACP – Tactical Air Control Party), која е од командата на бригадата. Овие два елементи се примарни учесници за контрола и менаџмент на воздушниот простор на бригадно рамниште. ACE или TACP може да брои неколку членови, но во повеќето случаи и многу повеќе, во зависност од потребата и интензитетот на операциите и планираната динамика. Многу важен елемент е и JTAC (Joint Terminal Attack Controller), односно обучен и квалификуван поединец кој ги насочува дејствата на авионите вклучени во блиска воздушна поддршка и други воздушни операции.
На рамниште на борбена група или BG (Battle Group) клучен елемент е Координативниот центар за здружени огнови и ефекти или JFECC (Joint Fires and Effects Coordination Centre), кој ги синхронизира сите елементи на здружени Тоа неизбежно мора да се направи за да се синхронизираат копнената и воздушната компонента, но истото создава подолго време за чекање затоа што за секое побарување за оган, односно огнена поддршка, треба да се помине истиот филтер преку елементот за контрола на воздушниот простор.
Во зависност од карактерот и процените, персоналот по сите елементи кои се вклучени во системот за огнена поддршка и координација и деконфликт на воздушниот простор се одредува во согласност со мисијата и доделените задачи. Доколку нема потреба од максимален број на луѓе, персоналот се одредува наменски за да се заштедат сили и ресурси, а во секој случај мисијата да биде завршена.
Артилериската огнена поддршка и здружените огнови генерално сè уште претставуваат предизвик и за поголемите армии во светот кога во потребни итни мерки за менаџирање со артилеријата, воздухопловите, беспилотните летала и сите елементи во воздушниот простор кои можат да се најдат на траекториите на движење на проектилите/ракетите.
Со правилни и навремени процедури за деконфликт во воздушниот простор ќе се избегнат несакани последици за пријателските сили и материјални средства.
Деконфликтот на здружените огнови и ефекти, управувањето со огновите (деконфликт на сите нивоа) и контрола на воздушниот простор се императив за време на сите ангажмани, без разлика дали се работи за воени операции за време на војни, конфликти или за време на вежбовни активности. Свесноста од потребата за деконфликт на сите нивоа мора да биде секојдневие кај инволвираниот персонал.

Славчо Кузманоски



# Историски пример за несоодветна доктрина

По завршување на Првата светска војна, државите кои земале учество веднаш започнале со преиспитување на своите воени доктрини. Иако се сметало дека оваа војна ќе ги реши крупните политички проблеми и ќе биде војната која ќе ги заврши сите војни, само две децении подоцна следувала уште една, Втора светска војна. Ефектите на новите оружја на боиштето биле толку големи што направиле структурни промени, не само врз начинот на војување, туку и на односот на општеството кон комплексноста на модерната војна

Во „Динамика на воените револуции“ на Нокс и Мурej, гледајќи од 17 век до денес, Првата светска војна се смета за четврта голема реформа во воените работи. Новите оружја и концепти кои произлегле од Првата светска војна ги обликувале војните во текот на целиот дваесетти век. Иако во 1940 година француската војска била респективна светска сила, единиците на Вермахтот ја поразиле за само шест недели. Доколку тоа не се случеше, целиот тек на војната и историјата ќе беше сосема поинаков. Контроверзниот пропуст на француската воена доктрина во периодот меѓу двете светски војни ѝ дала на воената наука школски пример за последиците од развивање на несоодветна доктрина. Без оглед што француските генерали направиле низа промени околу начинот на употреба на новата, поголема огнена моќ, речиси и да немало промени во организациската структура на нивните корпуси и дивизии. За две  децении колку што имале да се подготват (исто колку и спротивната страна), и покрај инвестирање во војската и воведување на тенкови, авиони, врски и масовно утврдување на боиштето, нивната оперативна вештина останала непроменета во однос на претходната војна. Британскиот премиер Винстон Черчил во своите мемоари напишал дека едноставно



не му се верувало кога добил телефонски повик од францускиот премиер Пол Рено со зборовите: „Поразени сме, ја изгубивме битката, патот до Париз е отворен.“ Денес речиси сите анализи, вклучително и оние на француската воена мисла, се согласуваат околу доктринарната грешка која довела до шокантниот пораз на француската војска во 1940 година: во периодот после Првата светска војна, француската оперативна вештина, не само што слепо се развивала околу огнената моќ на артилеријата, туку останала да биде централизирана во системот на командување на оперативно ниво. Овој концепт произлегол од искуствата на Западниот фронт во Првата светска војна за маневар со огнена поддршка на големи единици долж целиот фронт. Ова му овозможувало на највисокиот командант на фронтот да го концентрира огнот од сета артилерија со која располагал на тежиштето на боиштето. Логичката замка на овој концепт било тоа што под маневар се подразбирало движење на големи единици на фронтот, но не и на тактички единици. Затоа употребата на артилеријата останала во рацете на командантите на оперативно ниво, додека движењето на тактичко ниво се сметало дека секогаш не заслужува огнена поддршка.

Маневарот со оган станал главниот фокус на француската војска во периодот меѓу двете светски војни. Се разбира, оваа доктрина ја форсирале генералите кои потекнувале од родот артилерија во Првата светска војна и природно навивале дека и во иднина таа ќе биде одлучувачка алатка на боиштето. Предлогот да се децентрализира употребата на оган на тактичко ниво била експресно отфрлена од артилериските лобисти како опасност дека со тоа би се изгубила контрола на операцијата и наместо концентрација на оганот, тој ќе се изретчи и ќе го изгуби ефектот. Логичката замка на овој став било тоа што концентрација на оган би имала ефект доколку боиштето е релативно стабилно, слично на рововската пат-позиција на Западниот фронт. Но, што доколку боиштето се менува, и тоа брзо и неочекувано? Додека анализите на Французите се базирале на искуствата од Западниот фронт, Германците влечеле искуство и од Источниот фронт против Русија, каде боиштето било нестабилно, променливо и подвижно.

Во двете децении подготовки за евентуална војна, големите сили меѓусебно се набљудувале и ги споредувале доктринарните промени. Било очигледно кој во што инвестира. Во поствоените анализи се утврдило дека требало да биде многу поочигледна намерата на Германците за офанзивна и мобилна војна. Додека француската војска формирала голема стратегиска резерва на тешка артилерија со голем дострел, непосредно пред почетокот на Втората светска војна, Германците, речиси сета артилерија ја децентрализирале. Тоа што Германците не издвоиле стратегиска артилериска резерва како и Французите, требало да се протолкува дека тие не ја замислуваат следната војна да изгледа како онаа на Западниот фронт. После нападот на Полска и демонстрација на „блицкриг“, било јасно дека германската доктрина била насочена кон брз и длабок продор низ неколку точки на фронтот, а не долж него како што замислувала француската доктрина. Меѓутоа, кога Германците започнале да се фокусираат на мобилно војување со оклопно-механизирани единици кон втората половината на 30-тите години, веројатно било и доцна да се реформулира француската доктрина.

ја постигнат. За разлика од ова, со речникот на денешната воена доктрина, Вермахтот развил тактика врзана за мисијата (познато како „Auftragstaktik“). Ова значело дека германските команданти, на тактичко ниво, откако би добиле цели од претпоставената команда, им била оставена слобода на дејствување како тоа да го постигнат. Разликата е очигледна, првиот концепт туркал одзади (пасивна и крута војска), наспроти вториот кој влечел од напред (активна и флексибилна војска).

Вака воспоставената доктрина влијаела врз начинот на размислување кој се покажал како фатален. Кога ситуацијата во првите редови на боиштето не се зема предвид, највисоката команда ризикува да прави големи грешки. Се смета дека еден ваков пропуст уште на самиот почеток на инвазијата придонел за поразот на Франција. Имено, Французите не очекувале Германците да нападнат од правец на Ардените, бидејќи теренот



Останала надежта дека одбранбената линија Мажино ќе биде доволна за да се запре евентуален напад.  Тоа што системот за командување и контрола бил централизиран на оперативно ниво, директно влијаело на креативноста и можноста за импровизација и приспособливост на командантите на тактичко ниво. Наместо одлуките да бидат донесувани во однос на дејството на тактичките единици на боиштето, бил создаден систем во кој претпоставената команда била научена да врши притисок врз потчинетите, без да ја земе предвид повратната информација од првата линија на фронтот. Со речникот на денешната воена доктрина, француската војска во периодот меѓу двете светски војни развила тактика врзана за наредбите. Командантите на тактичко ниво добивале цел и начин како да

бил тежок и пошумен. Кога француските извидувачки авиони известиле за долга и збиена колона на германски оклопно-механизирани единици како чекаат долж патот кај Ардените, француската највисока команда одлучила да го игнорира извештајот на пилотите. Самиот началник на Генералштабот, генералот Гамелин, ја отфрлил информацијата дека Германците подготвуваат пробив низ Ардените како невозможна и неточна. Тоа била неверојатна стратегиска грешка. Германските сили во тој момент биле ранливи и немале многу простор да маневрираат. Главнината на германската војска, или буквално нивниот центар на гравитација, била во сообраќаен метеж од тенкови и возила. Денес, историчарите, вклучувајќи ги и германските, сметаат дека доколку се реагирало на известувањата на

извидувачките авиони, германската инвазија можела да биде спречена, и тоа со претрпени катастрофални загуби. Французите и Британците имале доволно авиони да ја уништат германската главнина и да го сменат текот на историјата.
Со централизирање на артилеријата бил централизиран целиот систем на командување и контрола, а со тоа за дваесет години се централизирал и менталниот склоп на лидерството на сите нивоа. Наместо иницијатива и флексибилност, од тактичките команданти се очекувала послушност и слепо спроведување на наредбите од повисоката команда. Кога се соочиле со променливо и динамично боиште, француските единици не реагирале доволно брзо и флексибилно на неочекуваните промени. Војната со која се соочиле во 1940 година, не била таа која ја замислувале. Дури и терминологијата која ја користеле укажува дека постоела конфузија околу местото на тактичкото и оперативното ниво. Правилото за „употреба на големи единици“ од пред Првата светска војна, во 1936 година било преименувано во правило за „тактичка употреба на големите единици“.
Оперативната вештина подразбира преточување на стратегиските цели во тактички задачи, и обратно, користење на тактичките успеси за остварување на стратегиските цели. Оперативното ниво е линкот кој треба да ги поврзе стратегиското и тактичкото ниво. Од речникот кој го употребувале може да се заклучи дека француската оперативна вештина, пред Втората светска војна, не само што не го дефинирала оперативното ниво со јасно разграничување помеѓу операција и тактика, туку и не ги препознала тактичките единици за главни носители на борбените дејства.
Централизираниот концепт на француската оперативна вештина од тој период најдобро се гледа во нивното сфаќање за длабочината на фронтот во следната војна. Било замислено операциите да бидат строго контролирани од највисоката команда, секоја единица да има посебно место, задача и цел на боиштето и да се движи во точно определени граници. Движењето требало да се покрие со силна огнена поддршка, фаза по фаза и во одредена временска рамка. Овој концепт во принцип не се разликува многу еден од школски пример на денешните војски. Но, логичката замка на ова е што тогаш (како и денес), условите не можеле да бидат идеални и било чиста заблуда дека во реална војна ќе се постигне совршена кохезија на дивизија, корпус или армија. Дури ни денес со современата технологија која



е далеку помоќна од пред 80 години, невозможно е да се постигне апсолутна координација и синхронизација на сите сили на боиштето.
Во 1938 година францускиот Генералштаб презентирал оперативен концепт во случај на евентуална војна против (највероjатно) Германија, со една армија организирана во пет корпуси составени од петнаесет дивизии. Главниот напад би го предводеле пет дивизии, секоја со фронт од 22 километри, а вкупно армијата требало да зафати фронт широк 132 километри. Меѓутоа, во поглед на длабочината на целта, било планирано тоа да не биде подалеку од 72 километри. Се сметало дека секое напредување подлабоко би било ризик за губење на артилериската поддршка и нарушување на кохезијата на единиците. Оттука може да се заклучи дека француските планери ја замислувале следната војна да биде слична на претходната, каде на западниот фронт драматичен пробив од 72 километри би значело голема победа. Но, следната војна имала многу поголема длабочина. За споредба, 7та дивизија на Ромел при инвазијата напредувала десетици километри дневно, со рекордни 250 километри длабочина за два дена, а во инвазијата на СССР, германските сили, само во првата недела навлегле цели 300 километри во длабочина.
Ова е историска лекција дека, при развивање на воената доктрина треба да се тргне од премисата дека иднината не може да се предвиди, но затоа би требало да може да се опише. Светот станува експоненцијално комплексен, непознат, непредвидлив и постојано се менува. Градење на способности врз основа на предвидување, како во случајот со Франција пред Втората светска војна, може да не ги земе предвид неочекуваните и непосакуваните промени на опкружувањето.
Оперативната вештина, и воопшто способностите со кои треба да располага една војска, треба да произлезат од критичкиот опис на можните закани кои се очекуваат во иднина, без оглед дали се поволни или не.

Ѓорѓи Вељовски



# Вториот НАП на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325







## Жени, мир и безбедност на СБ на ООН (2020–2025)

Министерството за одбрана во 2019 г. ја презеде националната обврска да го води развојот на вториот Национален акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата 1325 – Жени, мир и безбедност на Советот за безбедност при ООН (2020–2025). Овој документ уште еднаш ја потврдува нашата национална намера да придонесеме кон реализацијата на агендата „Жени, мир и безбедност“ (ЖМБ) и да одговориме на предизвиците кои произлегуваат од глобалната агенда.
Министерството за одбрана го започна процесот на креирање на овој национален документ со особена заложба и амбиција за воведување на вистински промени, вклучувајќи и експерти кои го поддржаа процесот. Особено значајна беше поддршката од страна на Обединетото Кралство преку ангажирањето на експерт-родова советничка. На тој начин Министерството подготви иновативен документ, произведен во инклузивен процес, заедно со претставници од органите на државна управа на национално и на локално ниво, како и со меѓународните организации и граѓанското општество.
Со Резолуцијата 1325 се афирмира улогата на жените и девојките во вооружените конфликти, како и во напорите за одржување на мирот и вклучување на родовата перспектива во преговарачките процеси, разоружувањето, демобилизацијата и реконструкцијата. Резулуцијата 1325 повикува на зголемено учество на жените во превенција и менаџирање на конфликтите и се залага за спречување на насилство и заштита на правата на жените и девојките во услови на мир, конфликти и хуманитарни катастрофи.
Владата на Република Северна Македонија во јули 2020 година го усвои текстот на Вториот НАП на Р. Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 – Жени, мир и безбедност (2020–2025) – стратегиска рамка.
Во октомври 2020 г. Министерството за одбрана организираше панел-дискусија и го промовираше Вториот НАП, при што беше истакнато значењето и улогата на донесувањето на истиот, како и идните очекувања од неговото спроведување во периодот 2020–2025 година. Овој петгодишен национален план опфаќа 5 (пет) стратешки цели: лидерство, вклученост, олеснување, заштита и комуникација, образование и обука. Вториот НАП претставува стратегиска рамка која ќе обезбеди целосна транспарентност, доверба и отчетност пред институциите на национално и на локално ниво, пред граѓаните и меѓународната заедница. Истиот ќе придонесе за одржување на високи стандарди, вредности и промени од бихевиорален, културен и организациски аспект.
Имплементацијата на овој документ ќе се спроведува преку изработените оперативни планови за имплементација од страна на сите задолжени институции на национално ниво и со препорака за Заедницата на единиците на локална самоуправа.
Со цел успешна реализација на процесот на мониторинг и евалуација, Министерството за одбрана формираше посебно тело за координација, мониторинг и евалуација (ТКМиЕ). Ова тело ќе ги координира потенцијалите и ресурсите и ќе ја поттикнува амбицијата во насока на исполнување на мисијата, изразена во стратегиската рамка.
Вториот НАП е во насока на поддршка на основните вредности на НАТО, индивидуалната слобода, демократија и човекови права. Како земја членка на НАТО, цврсто веруваме дека визијата на агендата ЖМБ е клучен параметар за мерење на тие вредности.

Билјана Стефкова



# Новиот СТАРТ продолжен – светските нуклеарни сили под контрола

Еден од најзначајните балансирачки фактори кој придонесува во одржувањето на светскот мир е контролата на нуклеарното вооружување. САД и Русија важат за земји со најбогат инвентар на нуклеарни боеви глави, иако нивниот број денес е значително помал во однос на оној во периодот на Студената војна. Овие две светски нуклеарни сили имаат богата традиција на спротивставување и презентирање на меѓусебните сили и капацитети, што е протолкувано како зголемување на тензиите од страна на меѓународната јавност

Најкарактеристичен настан од модерната историја во врска со нуклеарниот арсенал беше прекинувањето на INF-договорот во 2019 година, кој ја одржуваше рестрикцијата за употреба на сите земни балистички ракети, крстаречки ракети и нивни лансери со дострел од 500 до 5,500 km. Овој договор, потпишан од Реган и Горбачев во 1987 година, важеше за почеток на крајот на Студената војна и за сериозен чекор напред кон смирувањето на односите помеѓу двата соперници од овој период.
По неговото раскинување во 2019 година, кое значеше сериозен пораз за системот на меѓународни односи во светот, фокусот на меѓународната јавност беше пренасочен во единствениот договор кој претставуваше тежиште на светската нуклеарна сигурност – Новиот СТАРТ. Овој договор датира од 2011 година, кога Вашингтон и Москва, препознавајќи го бенефитот од ваквата билатерала за меѓусебна контролата на нуклеарното вооружување, во февруари ги доведоа челниците на своите администрации (Обама за САД и Медведев за Русија) да го потпишат „Договорот за мерките за дополнително редуцирање и ограничување на стратешкото офанзивно вооружување“ (The New Strategic Arms Reduction Treaty - New START). Ова важеше за одлучен чекор напред кон меѓусебната доверба и односите помеѓу светските сили и одговорен потег на полето на зачувувањето на светската нуклеарна стабилност и контрола. Со ова, двете земји со најброен инвентар на нуклеарен арсенал, обезбедија заемна контрола над стратешкото вооружување и верификацијата за одговорното однесување при неговото распоредување, со тоа што се согласија секој да има слобода да ја креира структурата на својот стратешки арсенал, која нема да ги надминува пропишаните количини ограничени на:

– 700 распоредени нтерконтинентални балистички ракети, распоредени балистички ракети лансирани од подморници и распоредени тешки бомбардери опремени за нуклеарно вооружување;
– 1.550 нуклеарни боеви глави на распоредените интерконтинентални балистички ракети, балистички ракети лансирани од подморница

- и распоредени тешки бомбардери опремени за нуклеарно вооружување;
- 800 распоредени и нераспоредени лансери за интерконтинентални балистички ракети, подморнички лансери на балистички ракети и тешки бомбардери за оваа намена.

Како особено важна карактеристика на овој договор се издвојува механизмот за верификација на почитувањето на одредбите, односно елементот на транспарентност.

Овој механизам опфаќа мерки кои овозможуваат секоја од договорните страни непречено да врши контрола на распоредените и нераспоредените вооружување, кое го поседува другата потписничка. Мерките вклучуваат потврдување на постоење на нуклеарно вооружување, инспекции на распоредот на арсеналот, пребројување на нуклеарните боеви складирани и распоредени, глави потврдување на елиминација на боевите глави, како и размената на податоци и известувања поврзани со стратешкото вооружување.

Кон крајот на 2020 и почетокот на 2021 година, две причини го направија овој договор особено актуелен и важен: 1) Непостоењето на сличен договор помеѓу овие земји и 2) Постоењето на рок на истекување на договорот, кој конкретно беше познат. Со оглед на фактот дека рокот на важност на Новиот СТАРТ беше до 5 февруари 2021 година, и двете страни на договорот уште во текот на 2020 година почнаа со преговори за негово продолжување. Русија од самиот почеток беше отворена за продолжувањето на договорот во рок од пет години, како што се предвидува од самото негово потпишување во 2010 година. Москва беше свесна дека состојбата би била апсолутно неповолна доколку овој договор не се продолжи или не се донесе нов, нему сличен. Дотолку повеќе, Путин во една прилика посочи дека договорот, од неговото потпишување, одлично ја извршуваше својата фундаментална улога во ограничувањето на трката по вооружување, како мерка за контрола на стратешкото нуклеарно вооружување.

Дипломатскиот кор во Вашингтон, од друга страна, потполно запознаен со ставот на Русија, имаше намера да го измени договорот во неколку насоки. Во врска со проширувањето на договорот, од самото доаѓање на администрацијата на Трамп на власт, реториката беше дека следното проширување ќе го направи договорот трилатерален, со тоа што во него ќе влезе и Кина. Долго време Трамп настојуваше да го исполни ова преку своите дипломатски механизми, за во јули 2020 година да одлучи оваа идеја да ја пролонгира за во иднина. Ставот на Трамп беше дека Новиот СТАРТ, потпишан од страна на Обама, е значаен, но сам по себе не е доволен за да ги задоволи безбедносните апетити на САД и нејзините сојузници. Од страна на Мајк Помпео, државниот секретар на САД, беше посочено дека договорот не успева да го опфати нуклеарниот арсенал на Русија кој не е наменет за стратешки цели, а кој во исто време драстично се зголемува. Оваа изјава беше проследена со условот дека што и да се договорат двете страни, би морало да има дополнителен систем на верификација, што не беше прифатливо од страна на Русија. Вашингтон иницираше изработување на политички прифатлива рамка со Русија, како привремен чекор во насока на приклучувањето на Кина. Оваа предлог-рамка би опфаќала рестрикции на сите нуклеарни боеви глави и корекции на начинот на верификација, што Москва категорично одби да прифати. Подоцна, во октомври 2020 година, САД се обиде со нов пристап кон проширувањето на одредбите на договорот, при што предложи продолжување на договорот во времетраење од една година, но во исто време и „замрзнување“ на сите нуклеарни боеви глави во арсеналот на двете земји, како и воспоставување на систем за верификација на предложените одредби. Русија, свесна за своето таткичко нуклеарно вооружување, одговори релативно позитивно во врска со прифаќањето на продолжување на договорот од една година, во која ќе бидат своевидно суспендирани сите нуклеарни боеви глави, но експлицитно беше отфрлена можноста за воспоставување на мониторинг и верификација на овој предлог. Дипломатската фела од Москва сметаше дека ова е повеќе од разумна и поволна понуда, со оглед на фактот дека Русија во голем дел го прифаќа предлогот на САД, напомнувајќи во исто време дека не очекува во наредниот период Вашингтон да




произлезе со дополнителни услови во врска со Договорот. Во краткиот период што следеше, земјите разменија уште неколку дипломатски потези на преговарачката маса, за во ноември 2020 година, министерот за надворешни работи на Русија, Сергеј Лавров, да обелодени дека Кремлин одлучува да се повлече од преговорите со администрацијата на Трамп, сè до инаугурацијата на следниот претседател на САД во јануари 2021 година, но исто така дека е подготвена да го продолжи договорот во следните пет години без какви било дополнителни предуслови. Неуспешните чекори за ажурирање и дополнување на Новиот СТАРТ од страна на администрацијата на Трамп кон крајот на 2020 година, ја предизвикаа Москва да се повлече од преговорите и да проба да најде заеднички јазик со администрацијата која требаше да го преземе мандатот, продолжувајќи ја status quo позицијата на прашањето за Новиот СТАРТ. Бајден, како кандидат за претседател во овој период, кој впрочем беше вклучен во преговорите за Новиот СТАРТ во 2010 година, не чекаше да го преземе претседателскиот кабинет за повторно да почне да се занимава со ова прашање, туку веднаш објави дека по неговата инаугурација ќе го

потпише продолжувањето на договорот без дополнителни услови.
На 3 февруари 2021 година, беше обелоденет фактот дека и САД и Русија се подготвени да пристапат кон продолжување на Новиот СТАРТ, што беше позитивно поздравено од страна на светската дипломатска јавност. Во врска со ова, Бајден, објаснувајќи ги мотивите за продолжување на договорот, посочи дека „преку предводење на полето на дипломатијата мора да подразбереме ангажирање по дипломатски пат на нашите противници или натпреварувачи кон остварување на нашиот интерес и безбедноста на нашиот народ“.
Набргу потоа, Путин го потпиша актот за продолжување на договорот во петок на 5 февруари, веднаш по пристигнувањето на резултатите од гласањето на двата дома на рускиот парламент, кои едногласно прифатија продолжување на договорот. Москва се огласи со препознавање на предноста која ја носи договорот, посочувајќи дека тој „овозможува да се одржат транспарентноста и предвидливоста на стратешките врски помеѓу Русија и САД и да се поддржи глобалната стратешка стабилност.
Ова прашање од доменот на нуклеарната безбедност претставуваше една од најприоритетните задачи во почетокот на мандатот на администрацијата на Бајден. Сега, откога е обезбедено решение за него, очекувано е да продолжат напорите за намалување на нуклеарното вооружување на Кина, воспоставување на договор за контрола, редукција и ограничување на неговата употреба, што претходната администрација на Трамп го етикетираше како потполно еднакво по приоритет и потполно изводливо, како и продолжувањето на Новиот СТАРТ. Сепак, ставот на Пекинг остана непроменет во врска со ова, иако се забележи значителна промена на реториката на Пекинг, кога на конференцијата за разоружување на ООН, кинескиот амбасадор Ли Сонг посочи дека „Кина е подготвена да се впушти во билатерални дијалози врз основа на еднаквост и заемно почитување на проблемите поврзани со стратешката безбедност со други нуклеарени сили, вклучувајќи ги САД и Русија, со цел да се зајакне стратешката доверба (помеѓу земјите)“.
Доколку администрацијата на Бајден во својот мандат успее да ја искористи ваквата реторика на Пекинг во насока на прифаќање на контрола, редукција и рестрикции на нуклеарното вооружување од страна на Кина, тогаш тоа би претставувало значителен успех, не само на американската дипломатија, туку и за одржувањето на светската нуклеарна стабилност.



На 3 февруари 2021 година беше обелоденет фактот дека и САД и Русија се подготвени да пристапат кон продолжување на Новиот СТАРТ, што беше позитивно поздравено од страна на светската дипломатска јавност. Во врска со ова, Бајден објаснувајќи ги мотивите за продолжување на договорот, посочи дека „преку предводење на полето на диплотматијата мора да подразбереме ангажирање на нашите противници или натпреварувачи по дипломатски пат, кон остварување на нашиот интерес и безбедноста на нашиот народ“

Доколку се случеше договорот да не се обнови после договорениот рок, тоа би било прв пат после 1972 година САД и Русија да немаат преговарачка рамка која ги ограничува двете страни на квантитетот и квалитетот на својот нуклеарен арсенал. Со оглед на фактот дека оваа можност е неутрализирана во наредниот период, Новиот СТАРТ ќе служи како главен гарант за контрола на вооружувањето на двете велесили, најмалку до 5 февруари 2026 година. Дотогаш, САД и Русија, во најмала рака треба да се стремат да ги почитуваат одредбите на договорот и да обезбедат услови за негово евентуално проширување во иднина, имајќи предвид дека со ова би ја заштитиле светската нуклеарна безбедност и стабилност од негативни влијанија, слични на оние предизвикани со раскинувањето на INF-договорот од 2019 година.

м-р Бојан Миклош





Во текот на месец декември 2020 година и во јануари 2021 година, во Скопје, Република Северна Македонија, во две сесии по два дена, се одржа родова обука за медијатори, односно родови посредници во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија



# Зајакнување на капацитетите за спречување на родова дискриминација и родово базирано насилство

Обуката за зајакнување на капацитетите за спречување на родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и злоупотреба, како и континуирано функционирање на механизмите за заштита на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, беше организирана со комплетна поддршка од страна на UNDP/SEESAC, а истата ја спроведоа родовите обучувачи од Министерството за одбрана, потполковник Антониела Станковска-Будимир и Миневере Лесковица, како и Косана Бекер,надворешен консултатнт.
Обуката се реализараше комбинирано, со присуство на лице-место со почитување на сите дефинирани заштитни мерки од вирусот и on-line, односно преку електронска комуникација, што направи една паралела на адаптирање во време на пандемија и континуирано извршување на планираните задачи од родовата агенда на Министерството за одбрана.
Целта на обуката беше да се зајакнат капацитети за спречување на родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и злоупотреба, како и континуирано функционирање на механизмите за заштита на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, земјаќи ги предвид и следејќи ги будно овие несакани појави, кои не само што ги кршат човековите права, туку наштетуваат и институционално. На обуката беше констатирано дека дискриминацијата врз основа на пол, сексуалното вознемирување и злоупотребата, не само што ги кршат правата на жртвите, туку дека ѝ штетат на целата институција. Министерството за одбрана работи активно кон воспоставување на недискриминирачка работна средина за мажи и жени во Министерството и Армијата, под мотото дека која било форма на вознемирување и дискриминација не е прифатлив дел од работната рутина ниту, пак, прифатлив дел од работната дисциплина.
Во изминатите години Министерството за одбрана на Република Северна Македонија работи активно кон воспоставување на недискриминирачка и здрава работна средина, подеднакво и за мажите и за жените што, всушност, стана институционален императив со донесувањето на Упатството за заштита од вознемирување на работно место во МО и АРСМ. Со донесувањето на ова Упатство се дефинира реализација на три суштински цели: обезбедување насоки за



заштита од вознемирување на работно место; подигање на свеста на вработените за неприфатливите облици на однесување кои предизвикуваат вознемирување; воспоставување и информирање за механизми за превенција и спречување на секаков облик на вознемирување на работното место. Преку обуката, учесниците ги зголемија нивните практични знаења и разбирања на основните поими за: родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и злоупотреба, национална законска рамка за антидискриминација и релевантни меѓународни стандарди. Тие разменија информации за идентификување на дискриминација, психичко, родово и сексуално вознемирување и чекорите за заштита од истите во насока на обезбедување безбедно опкружување, а притоа потврдија дека обуката ја подобри нивната способност да ја препознаат родовата основа и да ја разликуваат од другите форми на злоупотреба на работното место. Исто така, обуката овозможи размена на регионални искуства. Бригадниот генерал, Мирсад Ахмиќ, генерален инспектор во Министерството за одбрана на Босна и Херцеговина, сподели со учесниците непроцениви искуства и добри практики од БиХ за справување со пријавените случаи на родово базирана дискриминација. Резултат на обуката е зголемената свесност на медијаторите со позитивен ефект врз нивната способност да се справат со поплаки поврзани со родова дискриминација и насилство.

Антониела Станковска-Будимир




# Здравко Поповиќ и Димитар Наумоски
## Заборавени првенци

Првата светска војна и просторот на Прилеп, Канатларци и целата околината како да биле промотори на авијатиката и пилотскиот позив за генерациите младинци кои биле живи сведоци на сеопштите случувања. Во низата од нив биле и Здравко Поповиќ и Димитар Наумоски, уште двајца младинци кои ги достигнале небеските височини и го почувствувале барутниот мирис на облаците

Здравко Поповиќ е роден во Прилеп 1915 г., каде и ги минувал детските денови и деновите во стекнување на основното образование. Животот му минувал безгрижно, живеејќи со своето семејство, а посебно крај својот татко Милутин, кој во тоа време бил угледен граѓанин на Прилеп и пошироко. Имено, Милутин Поповиќ, во тоа време бил сопственик на книжарница лоцирана во централното подрачје на градската чаршија во Прилеп. Тој ја остварил и желбата на својот син, запишувајќи го во Военото училиште во Белград (Република Србија). Сепак, таткото Милутин, не сакал да го остави својот син „сам“ за време на школувањето, далеку од родниот град, па донел уште една одлука. Во разговор со родителите на Александар Тасевски, добил впечаток дека и нивниот син сака да замине на воено училиште, но со единствена желба да биде пилот. Сепак, родителите на Тасевски биле од работничко семејство и не можеле да ја остварат неговата желба, а Поповиќ презел на себе да го финансира трошокот за нивното патување и џепарлак во военото училиште. На тој начин, конечно, Милутин Поповиќ ги остварил желбите на синот Здравко и на неговиот близок другар Александар. Ги пријавил во Военото училиште во Белград, потврдувајќи дека се одлични ученици и дека тој ќе го финансира нивното патување од Прилеп кон Белград. Верните другари биле примени во пешадиската воена школа, каде заминале во текот на 1930 г. Во текот на 1935 г., двајцата другари и прилепски сограѓани, биле унапредени во чин потпоручник и испратени во редовна воена служба. Но, желбата на Александар за насочување кон пилотскиот позив не згаснувала, а истата се разгорела и кај Здравко. Со таква цврста желба, беспрекорна воена дисциплина и постојана едукација, успеале да конкурираат и да бидат примени во пилотска школа, која била меѓу првите во тогашна Кралска Југославија а била формирана во рамките на Авиополкот во Панчево. Завршувањето на Воената пилотска школа значело и разделување од секојдневните дружења на овие двајца неразделни пријатели. Секој на своја страна и секој со својата пилотската кариера ја дочекале 1939 година. Здравко во средишниот дел на тогашното Југословенско Кралство, а Александар кон родниот крај. Обајцата ги дочекал виорот на Втората светска војна, а завршувањето на војната, значел нов макотрпен пат за Александар и трагедија за Здравко. Здравко трагично го изгубил својот живот, погоден во челичната птица од непријателскиот оган, некаде на италијанскиот простор. Простор на кој, во тој период, сè уште се воделе

битките за освојување на Трст и негово спојување со територијата на новата југословенска држава. За жал, не се познати аргументирани детали за професионалниот пат, а посебно за трагичниот крај на Здравко Поповиќ, пилотот од Прилеп. Како и во сите војни и во сите земји, некои настани не биле изнесувани во јавност и најчесто останувале во депоата на воените служби.
Прилеп е родно место и на Димитар Наумоски, со прекар Гагачо.
Роден е 1909 г., а се вбројува меѓу македонски воени пилоти школувани уште во времето на Кралска Југославија. Неговото школување и професионалната пилотска кариера се преклопува со личните и професионалните активности на Алаксандар Тасевски (за кого веќе пишував). Според тој извор, а и според колективната меморија, може да се дојде до податокот и сведоштвата на Тасевски дека и Наумоски го минал истиот предвоен и воен период на Втората светска војна. И покрај сите документи и сведоштва, тешко може да се објасни интересот и постапките на британската војска на овој македонски простор, посебно после капитулацијата на тогашното кралство. Но, потврден е податокот дека, после капитулацијата на кралската држава на 15 април 1941 г., британската војска одиграла огромна улога во „префрлањето“ на пилотите и преостанатите авиони од овој простор, преку просторот на Грција, кон Египет и Африка.
Дел од истите пилоти, на истата дестинација, биле префрлани и преку Италија. Според некои непотврдени наводи, за Наумовски се говори дека бил и во групата на пилоти кои со авиони требале да го пренесат кралското богатство кон Италија. Сепак, потврдено е дека негова крајна дестинација била Каиро. Тоа, според многу сведоштва, можело да се утврди и преку картичките кои Наумовски му ги испраќал на својот брат во Прилеп.
А, во Египет, веќе се формирала и почнала да функционира интернирана Југословенска воздухопловна команда. Таа правела распоред и евиденција на сите пристигнати воздухопловни кадри од капитулираната југословенска кралска држава. Меѓу нив бил и Димитар Наумоски, за кој се зборува дека „влегол“ под директна команда на генералот Боривое Мирковиќ-Бора. Мирковиќ бил воздухопловен бригаден генерал во војската на Кралска Југославија и организатор на воениот бунт на 27 март 1941. година. Во Априлската







војна тој организирал евакуација на малолетниот крал Петар и на голем број военовоздухопловни кадри од јужниот дел на државата. Евакуацијата водела прво кон Грција, а потоа продолжувала кон Египет. Според некои сведоштва, во оваа евакуација или бегство од предавство бил и Димитар Наумоски. Генералот Мирковиќ, во текот на 1942 г., по совет на британските воени сили, со кои бил во блиски релации, го одбил личното воено разрешување и предавање на објектот на командата на Југословенската војска во Каиро, а за својата активност, истата година, бил одликуван со чин почесен генерал-мајор на РАФ – Кралските воздухопловни сили (Royal Air Force). И, повторно би рекол, помалку чудни и неразбирливи се тие воени соработки и интереси.
Историските документи говорат дека Велика Британија, уште во 1940 г. создала Управа за специјални операции, со седиште во Лондон. Нејзина главна задача била собирање на релевантни податоци, вршење пропаганда против фашистичките окупатори и организирање вооружени акции и диверзии против важните стопански и воени објекти значајни за фашистите. Во таа корелација меѓу британските сили и генералот Мирковиќ, во текот на јули 1942 г. Наумоски влегол во состав на групата која требала да изврши извидничка мисија и создавање на контакти со раководството на НОБ на македонски простор. Мисијата била подготвена со прелет на британски авион до овие простори и скокови со падобран на членовите на мисијата. Според непотврдени извори, по извршените скокови, членовите на мисијата биле ликвидирани во Качаничката Клисура, каде загинал и самиот Димитар Наумоски-Гагачо.
И, како што веќе споменав, тешко можат да се пронајдат релевантни извештаи и документи за голем број воени акции и постапки кои целосно би ги потврдиле историските „приказни“ произлезени од личните и колективни мемории на некои учесници во овие настани, посебно кога се работи за воени активности. Затоа ова се недораскажани и недоистражени историски стории и лични патешествија на уште двајца македонски воени пилоти. Нивните имиња, веќе одамна не се спомнуваат низ нашата воена воздухопловна историја, а прашање е дали останале барем некои дополнителни фотографии од нивниот животен пат во семејните албуми на нивните поколенија.

Ѓорги Чачкиров

# АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА С



## Обука во зимски услови

Во согласност со годишните планови за обука на потчинетите единици на Командата за операции, припадниците од пешадиските баталјони, Баталјонот за врски и Извидувачкото одделение од Артилерискиот баталјон од Првата пешадиска бригада изведуваа обука на планински терени  во зимски услови. Успешно се совладуваа снежни препреки со формациски и прирачни средства, се изработуваа и престојуваа во објекти изработени од снег, вежбаа ставови за гаѓање со личното вооружување во снег, како и движење и управување на моторна санка. Во Баталјонот за врски, обуката се реализираше со поставување на соодветните станици за врски и воспоставување и одржување на планираните врски во Оперативниот центар за командување и контрола.

# ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА









# „ЈАК-141“ Советски авион со вертикално полетување/слетување

Свесни дека авионот „ЈАК-38“ во повеќе сегменти не ги исполнил потребите на палубната борбена авијација, тогашниот Советски Сојуз размислувал за создавање на ново суперсонично летало со вертикално полетување и слетување. Поради овие причини во 1975 година, во тајност, конструкциското биро „Јаковлев“ започнува нова развојна програма по називот ,,Изделие 48” (Продукт 48). Основната намена на новото летало требало да биде ловец, а секундарната – бомбардер за дејство по цели на земја и на море. Од новиот авион со првична ознака „ЈАК-41“ биле направени 4 прототипови, од кои два наменети за испитување на земја и два за испитување на летачките можности. Првиот конвенционален лет со леталото е направен на 9.3.1987 година, а првото ветикално полетување и слетување е изведено на 29.12.1989 година, додека првиот транзиционен лет бил изведен на 13.6.1990 година. Во текот на летачките испитувања биле направени вкупно 250 експериментални летови. При овие летачки испитување биле постигнати 12 светски рекорди во класата на авиони со вертикално полетување/слетување. Официјалната светска презентација на леталото под ознаката „ЈАК-141“ е направена во 1991 година на аеромитингот „Ле Бурже“ во Париз, Франција. Но, со завршувањето на Студената војна, настанатата економска криза и намалувањето на воениот буџет, придонело тогашниот претседател на СССР Михаил Горбачов, во август 1991 година да потпише Акт за запирање на финансирањето на проектот „ЈАК-141“. Иако бил постигнат и договор за соработка со компанијата „Lockheed Martin“ од САД, на крај соработката неуспешно прекинува и доаѓа до целосно запирање на проектот.

„ЈАК-141“ припаѓа во групата на висококрилни летала, со класична аеродинамичка конфигурација, опремен со два вертикални стабилизатори на трупот во кој е вграден комбиниран погон. Конструкцијата е изработена од метални легури од кои најзастепен е алуминиум литиум, 26% композитни материјали, додека на критични позиции се вградува кален челик и титан.

Во леталото се вградени 3 погони, од кои главен погон е еден турбомлазен мотор Р-79В-300, со потисок од 108 kN, кој при вклучена форсажа поседува потисок од 152 kN, а помошните два млазни мотори наменети за вертикално полетување/ слетување се РКБМ РД-41, секој со потиснување од 41.7 kN. Главниот погон е поставен централно во трупот и поседува 1 векториран млазник, кој пилотот може да го насочува надоле за 95° или хоризонтално според потреба на летот (вертикално полетување/ слетување или хоризонтален лета), плус од моторот се насочуваат 3 ,,цевоводи со контролирачки воздушни млазници” за стабилизација на летот при вертикално полетување/ слетување, од кои по една кон краевите на крилата и една напред под долниот дел од кокпитот. Позади кокпитот во тандем конфигурација под агол од 85º (во однос на хоризонталата на трупот) се вградени двата млазни мотори за вертикално полетување/ слетување РКБМ РД-41. За потребите на главниот мотор од бочните страни на трупот се вградени 2 правоаголни вшмукувачи за воздух кои од страна поседуваат по 4 дополнителни помошни отвори, додека за двата помошни мотори на горниот дел од трупот е вграден отвор со поклопец (кој има улога и на воздушна кочница), а на долниот дела од трупот се вградени вратички кои се отвараат бочно. Погоните РКБМ РД-41можат ефикасно да се користат до височина од 2,5 km при брзина на лет која не надминува 550 km/h. Поради комплексноста на погоните и летачките команди, во леталото бил вградуван автоматски систем за управување и контрола. Во кокпитот на леталото е вградено катапулт седиштето Ѕвезда К-36ЛВ, додека на контролната табла бил вграден HUD-нишански систем за пилотот и аналогни инструменти, а подоцна и повеќенаменски монитор. Од авионика бил вграден импулсно доплерски радар С-41М Жук кој открива летала со радарски одраз од 3 m² на далечина од 80 km, притоа може да следи 10 цели, а на 4 истовремено да дејствува со ракети. Исто така, вграден е главниот систем за нишанење и навигација ПрНК-48К, трикратен електронски дигитален систем за управување, систем за автоматско исфрлување на пилотското седиште СК-ЕМ, систем за автоматско слетување на носач на авиони Резистор-К4, систем за електронски контрамерки и систем со мамци за одбрана од ракети и друго. Во резервоарите за гориво вкупно може да собере 4.000 kg гориво. На вкупно четирите носачи за оружје поставени под крилата, леталото може да понесе максимум 2.600 kg корисен товар. Во трупот на леталото бил вграден автоматскиот топ ГШ-301, со калибар од 30 mm, за кого во магацинот биле сместени 120 гранати, додека за борба со летала ги користел противавионските ракети Р-27, Р-77 и Р-73, од наведувани ракети „воздух-земја“ можел да ги носи Х-25 и Х-29, а од противбродски ракети Х-31 и Х-35. Покрај наведените оружја можел да понесе и конвенционални бомби и повеќецевни лансери за ненаведувани ракети.

Ивица Дамески




1. Питот-цевка
2. Импулсно доплерски радар „С-41М Жук“
3. IFF-антена за препознавање пријателско или непријателско летало
4. HUD-нишан за пилотот
5. Катапулт седиштето Ѕвезда К-36ЛВ“
6. Поклопец со помошни отвори за вшмукување на воздух од куќиштето на помошните мотори РКБМ РД-41
7. Резервоар за гориво
8. Механизам за ,,прекршување” на крилото, кој овозможува полесен превоз со лифт и полесно складирање во бродот носач на авиони
9. Куќиште на падобранот за кочење
10. Вертикален стабилизатор
11. Антена од системот за контрамерки РСБН-6 Пион
12. Конструкција на продолжените конзоли од опашката




**13.** Хоризонтален управувачки стабилизатор
**14.** Векторирачки млазник од погонот Р-79В-300
**15.** Крило со вграден цевовод со две воздушни млазници (на крајот) за стабилизација на летот при вертикално полетување/ слетување
**16.** Носач на оружје
**17.** Заден стоен трап
**18.** Главниот погон Р-79В-300
**19.** Автоматскиот топ ГШ-301
**20.** Продолжен преден дел од коренот на крилото кој придонесува за контролиран проток на воздушните струи преку крилото при големи нападни агли.
**21.** Куќиште на двата мотори РКБМ РД-41, наменети за вертикално полетување/ слетување
**22.** Вшмукувач за воздух кој поседува дополнителни помошни отвори (бочно и на горниот дел)
**23.** Долна вратичка од куќиштето на моторите РКБМ РД-41
**24.** Преден стоен трап
**25.** Куќиште на авиониката



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈАК-141 | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 18.36 m |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 10.105 m ( 5.9 m склопени) |
| ВИСОЧИНА | 5 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 31.7 m² |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 11.650 kg |
| МАКСИМАЛНА ПОЛЕТНА ТЕЖИНА | 19.500 kg ( 15.800 kg при вертикално полетување) |
| НОСИВОСТ | 2.600 kg ( 1.000 kg при вертикално полетување) |
| ГЛАВЕН ПОГОН | еден Р-79В-300, со потисок од 108 kN, а со вклучена форсажа 152 kN |
| ПОГОНИ ЗА ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕТУВАЊЕ/СЛЕТУВАЊЕ | два РКБМ РД-41, секој со потисок од 41.7 kN |
| МАКСИМАЛНА ХОРИЗОНТАЛНА БРЗИНА | 1.800 km/h |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 250 m/сек |
| ПЛАФОН | 15.000 m |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 2.100 km со внатрешно гориво |
| ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА | 7 ,,Г" |



# Авион „McDonnell Douglas F-15 Eagle“

Дизајните од четвртата генерација се под силно влијание на научените лекции од претходната генерација борбени авиони, со нагласеност во маневрирањето и зголемување на популарноста на повеќенаменските борбени авиони, паралелно со напредокот што ја означува таканаречената четврта генерација. Маневрирањето било засилено со статичка стабилност, овозможена со воведување на системот за контрола на летот (Fly by Wires). Доаѓа до напредок на дигиталните компјутери и системската интеграција, а аналогните компјутерски системи започнале да се заменуваат со дигитални системи за контрола на летот. Ова доведува до користење на ознаката 4.5 генерација, класа на ловци со еволутивни надградби во однос на интегрирани авионики, напредни вооружени системи, помалку забележливи, со напредни ракети и радарска технологија. Такви примери се авионите од типот: „Sukhoi Su-30, 34 и 35“, „Mikoyan MiG-35“, „Eurofighter Typhoon“, „Boeing F/A-18E/F Super Hornet“, „Dassault Rafale“, „Lockheed Martin F-16E/F“, „Saab JAS 39 Gripen“, „Mitsubishi F-2“, како и „McDonnell Douglas F-15E“.

Авионот „McDonnell Douglas F-15 Eagle“ е американски двомоторен тактички борбен воздухоплов за сите временски услови. Военото воздухопловство требало да одлучува за нов тактички ловечки дизајн, ниско буџетен, со краток дострел и за блиска воздушна поддршка, со цел да заменат неколку типови на авионот „F-100 Super Sabre“. Официјален документ со побарување на борбен авион за супериорност бил финализиран во октомври 1965 година и испратен како барање за предлози до 13 компании, а како резултат на тоа биле развиени околу 500 концепти за дизајн. По доставените понуди и после долгата превласт и дискусии со морнарицата на САД, воздухопловните сили во 1967 година го избрале дизајнот на „McDonnell Douglas“. Авионот „F-15 Eagle“ е во оперативна употреба од 1976 година, во насока на реализација



на потребата на воздухопловството за борбен авион, пред сè за постигнување супериорност (предност и превласт) во воздушниот простор. Во текот на овој период, студиите за борба против Виетнам дале загрижувачки резултати. Теоријата ја потенцирала борбата со долг дострел, со користење ракети и оптимизирани авиони за оваа улога. Анализата се правела за авионите со зголемена носивост, голем радар, одлична брзина, но и со ограничена можност за маневрирање. Поголемите американски авиони биле ставени во неповолна положба во однос на многу поевтините авиони од типот „МиГ-21“. Ракетите се покажале помалку сигурни отколку што се предвидувало, особено од непосредна близина.
Било заклучено дека дополнителната моќност и маневрирањето се два клучни аспекти за успешен дизајн, во насока на обезбедување воздушна супериорност. Деталите за авиониката сè уште биле недефинирани, бидејќи не било јасно дали треба да се изгради поголем авион со моќен радар што може да го открие непријателот на подолг опсег или спротивното како алтернатива.
Загриженоста пораснала во 1967 година кога Советскиот Сојуз го открил авионот „Mikoyan-Gurevich MiG-25“, дизајниран како брз пресретнувач на голема висина и со одлични перформанси. Условот за многу голема брзина (над 2.8 Мах) барал употреба на нерѓосувачки челик наместо алуминиум за многу делови од авионот. Било потребно да се дизајнира, пред сè, супериорен авион во брзината, плафонот на лет и издржливоста во однос на сите постоечки американски авиони од таа класа. Во истиот период, морнарицата на САД ја завршила својата програма и го прифатила предлогот на компанијата Grumman за помал дизајн, авион за супериорност, кој бил познат како F-14 Tomcat. За военото воздухопловство, конфигурациите проучени при тестирање во тунелот на НАСА довеле до конечен резултат во корист на победничкиот дизајн „F-15“, кој со опашката наликувал со авионот „F-14“, но бил со фиксни крилја и претставувал прв борбен авион за супериорност од страна на военото воздухопловство.
Авионот „McDonnell Douglas F-15 Eagle“ има радар од типот „Look-Down/Shoot-Down", кој може да разликува подвижни цели со низок лет од другите објекти на земјата. Користи компјутерска технологија со нови контроли и дисплеи за да се намали обемот на работа на пилотите и е потребен само еден пилот со цел заштеда на тежината.
Понатамошниот развој на борбените авиони се случува после критиките дека „F-15 Eagle“ е преголем и прескап воздухоплов. Ова доведува до понатамошна анализа и до развој на програмите „Lightweight Fighter“ со авион



Четвртата генерација на борбени авиони е општа класификација на воздухопловите во оперативна употреба од 1980-тите години до денес. Авионот „McDonnell Douglas F-15 Eagle“ е американски двомоторен, тактички борбен воздухоплов за сите временски услови

на „General Dynamics“, „F-16 Fighting Falcon“, за военото воздухопловство и Middle-Weight-програмата со авионот „McDonnell Douglas F/A-18 Hornet“ за морнарицата на САД. Подоцнежните модели на „F-15 Eagle“ биле опремени со можност за складирање дополнително гориво, со зголемена максимална тежина при полетување и поголем товар на оружје, со засилена опрема за слетување, нов дигитален централен компјутер, како и систем за предупредување за преоптоварување, што му овозможувал на пилотот да лета до 9 г. на сите тежини. За пенетрација со голема брзина и прецизен напад врз тактички цели во текот на ноќта или во неповолни временски услови, „F-15E“ носи радар со висока резолуција. Подобрувањата вклучиле надграден централен компјутер и програмиран сет за контрола на вооружувањето, што овозможува употреба на напредни верзии на ракетите и проширен систем за тактичко-електронско војување.
Оперативната употреба на авионот најмногу е доаѓа до израз кај Военото воздухопловство на Израел за време на израелските напади против палестинските фракции во Либан во 1979–1981 година, во операцијата за напад на ирачки нуклеарен реактор, во Либанската војна во 1982 година и за напад на седиштето на палестинските борци во Тунис во 1985 година.
Во септември 2015 година, компанијата „Boeing“ ја претставила својата надградба позната како „2040C Eagle“, дизајнирана да го задржи овој воздухоплов до 2040 година. Повеќето подобрувања се фокусираат на двојното зголемување на ракетно оптоварување, резервоари за гориво за подолг долет, уреди за комуникација со авионите од петтата генерација, современ радар и инфрацрвен сензор за пребарување и следење на големи растојанија. Оружјето и системите за контрола на летот се дизајнирани така што едно лице може безбедно и ефикасно да ја изведува борбата „воздух-воздух“. Маневрирањето на „F-15“ е резултат на малото оптеретување на крилото (соодност тежина и површина на крилото), со висок однос на потисна сила и тежина, овозможувајќи му на авионот да се искачи на 9.100 метри за околу 60 секунди. Авионот бил дизајниран и за лансирање на ракетата „ASM-135“, како и антисателитско оружје, со искачување при брзина од 1.22 мах, оптоварување од 3.8 г и наклон на качување од 65°, со цел да ја ослободи ракетата на надморска височина од 11.100 метри.
Новите надградби вклучуваат: Head-Up Display (ги проектира сите основни информации за летовите собрани од интегрираниот авиосистем и обезбедува информации за пилотот, кои се неопходни за следење и уништување на непријателски авион, без потреба да гледа на инструментите од пилотската кабина), Inertial Guidance System, Ultra High Frequency Communications, Tactical Air Navigation System, Tactical Electronic Warfare System, Identification Friend or Foe System, како и Electronic Countermeasures Suite (систем за електронско војување кој обезбедува предупредување за закана со автоматски контрамерки против избраните закани).

Драган Павловски



# Авион „Nakajima Ki-43 Hayabusa“

Соколот „перегрин“ или соколот „скитник“ претставува птица грабливка, која е впечатлива по нејзината грациозност и брзина во ловење. Оваа птица на јапонски јазик се нарекува „hayabusa“, име кое го носел и еден од најуспешните воздухоплови на јапонските воздушни сили во Втората светска војна, „Nakajima Ki-43 Hayabusa“. Доколку внимателно се анализира, дизајнот на авионот наликува на самата птица

За време на Втората светска војна авионот „Nakajima Ki-43 Hayabusa“ бил најбројниот воздухоплов во јапонската армија. Каде и да се борела јапонската армија, „Ki-43” секогаш бил вклучен во борбените активности. Сојузничките пилоти биле изненадени кога прв пат се сретнале со јапонскиот ловец, а тоа се должело на сојузничките разнузнавачки експерти кои ја потцениле способноста на јапонската воздухопловна индустрија. Иако не бил толку славен како познатиот „A6M Zero”, „Ki-43” претставувал достоен противник, особено во првите години на војната. Барањето на нови и модерни карактеристики од страна на јапонската армија претставувало причина за создавањето на „Nakajima Ki-43”, кој би го заменил застарениот „Nakajima Ki-27”. Воздухопловот „Ki-27” бил со отворена пилотска кабина и фиксни тркала кои не се собирале. Сојузниците го именувале со прекарот „Nate”. Бараните карактеристики за нов и модерен ловец биле доставени до воздухопловната компанија „Nakajima Hikoki K. K.” во 1937 година. Армијата посакувала ловец со способност за развивање на поголема максимална брзина од 501 километар на час, подобра стапка на искачување, како достигнување на висина од 5000 метри во период од 5 минути, и оперативен дострел од 1288 километри. Побарувањата за карактеристиките на вооружувањето биле два митралези со калибар од 7,7 мм. Исто така, побарувањата вклучувале и способност за маневрирање на воздухопловот на минимално ниво, како способностите за маневрирање на воздухопловот „Ki-27”. Главниот дизајнер и инженер на „Ki – 43” бил Хидео Итокава. Тој формирал тим и за помалку од една година го претставил првиот прототип. Првите тестови на летање започнале во јануари 1939 година.

Новиот воздухоплов претставувал разочарување за пилотите кои делеле мислење дека авионот немал доволно добри маневарски способности и дека новите тркала со механизам за собирање биле само оптоварување на конструкцијата и предизвикувале дополнителна непотребна тежина. Исто така, тие мислеле дека брзината не е значително поголема од брзината на воздухопловот „Ki-27”. Овие негодувања претставувале дополнителна работа за „Nakajima“ за создавање на неколку нови модифицирани прототипови, со намера за решавање на проблемите. Промените вклучувале нов систем кој придонесувал кон намалување на тежината. Тоа подразбирало потенка конструкција на трупот,

дополнително назадно поместување на секцијата на опашката, нова пилотска кабина и инсталација на разни комбинации на вооружување, вклучувајќи и митралези со поголем калибар од 12,7 мм. Клучна промена била направена со појавата на 13-тиот прототип, на кој биле претставени новите диференцијални „пеперутка“ флапови, кои драматично ги подобриле маневарските способности, особено при маневрирање и вртење во тесен лак. Сите овие промени биле комбинирани и претствени со појавата на 13. прототип, чии тестови воделе кон потврда од страна на јапонските пилоти и започнување на активно производство на „Ki-43”. Воздухопловот добил и официјално име, „Ki-43 – I”, и бил авион кој се карактеризирал со одлични маневарски способности и импресивна стапка на искачување. Авионот бил вооружен со два синхронизирани митралези, лоцирани на моторот, со цел да дејствуваат низ пропелерот. Вооружувањето било разновидно, се употребувале многу комбинации, односно: два митралези „Type 89” со калибар од 7,7 мм, постоела алтрнативна комбинација од еден митралез „Ho 103” со калибар од 12,7 мм и еден митралез „Type 89” со калибар од 7,7 мм и алтернативна комбинација од два митралези „Ho 103” со калибар од 12,7мм.

Четириесет воздухоплови влегле во активна служба во Кина пред нападот на Перл Харбор. Тие биле соочени со сојузнички авиони кои биле лоцирани во јужниот и западниот пацифички сектор. Сојузниците го именувале „Ki-43” со кодното име „Oscar”. Како и многу од јапонските авиони кои служеле во Втората светска војна, авионот „Ki-43” не бил опремен со дополнителен заштитен оклоп во пилотската кабина и не бил опремен со самозапечатувачки резервоари. Развојот на овој воздухоплов ја предизвикал појавата на “Ki-43 – II”. Првите прототипови на оваа варијанта го забележале првиот лет во февруари 1942 година. Моторот на авионот бил модифициран со вградување на двостепенски супер – вбризгувач, за разлика од претходниот едностепенски супервбризгувач, кој директно влијаел врз изгледот на моторните панели. Поголемиот мотор имал и нов пропелер, составен од три перки, за разлика од претходникот кој што имал само две перки. Конструкцијата на крилата била поцврста за разлика од крилата на „Ki-43 – I”, кои биле слаби и кревки.



Крилата исто така биле опремени со носачи на надворешни резервоари или бомби. Новата варијанта била опремена со дополнителен оклоп кој имал дебелина од 13 милиметри и бил наменет за заштита на главата и на грбот на пилотот. Исто така, „Ki-43 – II” бил опремен со резервоари кои биле обложени со гума, која била во улога на самозапечатувачки резервоари. Авионот добил повисока пилотска кабина и нова рефлектирачка нишанска направа, за разлика од претходната која била телескопска. Покрај сите недостатоци и предности, „Nakajima Ki-43 Hayabusa” бил супериорен во споредба со сите сојузнички ловци во раниот период на војната. Авионот го задржал својот статус на достоен противник и по развојот на помодерни и подобри сојузнички ловци. Како и авионот „A6M Zero”, „Ki-43” имал одлични маневарски способности на вртење под тесни агли во споредба со сојузничките ловци за време на војната. Една важна карактеристика која го овозможувала ова е малата севкупна тежина на воздухопловот. Компанијата „Nakajima” успеала во овој сегмент, произведувајќи воздухоплов со тенка, мала и скромна воздушна конструкција, која била придвижувана од релативно мал мотор. Авионот бил вооружен со само два митралези или со два топа. Целата филозофија била основана врз принцпите на мала тежина и одлично маневрирање. Овие принципи биле изградени врз ризикот на отсуство на соодветен оклоп за заштита на пилотот и отсуството на соодветни самозапечатувачки резервоари. Овој ризик бил искористен од сојузничките ловци кои се појавиле во подоцнежниот период на војната, како авионот „Lockheed





| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „NAKAJIMA KI-43 – II OTSU (MARK 2B) HAYABUSA” | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 8.92 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 10.84 метри |
| ВИСИНА | 3.27 метри |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 21.4 квадратни метри |
| МОТОР | Клипен „ѕвезда“ мотор „Nakajima Ha-33” со 14 цилиндри. Моторот имал воздушно ладење и постигнувал 1300 коњски сили |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 530 километри на час, на висина од 4000 метри |
| ОПСЕГ НА ЛЕТАЊЕ | 3200 километри |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 1760 километри |
| МКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 11.200 метри |
| СТАПКА НА ИСКАЧУВАЊЕ | Достигнува висина од 5.000 метри за период од 5 минути и 49 секунди |
| | 105 км/ч |
| ВООРУЖУВАЊЕ | **„Ki-43 – Ia”**<br>два митралези „Type 89” со калибар од 7.7 милиметри<br><br>**„Ki-43 – Ib”**<br>еден митралез „Type 89” и еден митралез „Ho-103” со калибар од 12.7 милиметри<br><br>**„Ki-43 – Ic, IIa, IIb, II Kai” и “IIIa”**<br>два митралези „H-103” со по 270 куршуми<br><br>**„Ki-43 – IIIb”**<br>два топа „Ho-5” со калибар од 20 милиметри<br><br>Бомби:<br><br>**„Ki-43 – I”**<br>способност за носење на две бомби од по 15 килограми<br><br>**„Ki-43 – II и III”**<br>способност за носење на две бомби од по 30 килограми или две бомби од по 250 килограми.<br><br>По потреба сите варијанти имаат способност за носење на два надворешни резервоари за гориво со капацитет од 200 литри |

P-38 Lightning”, кој имал сериозно вооружување од четири митралези со калибар од 12,7 милиметри и еден топ со калибар од 20 милиметри. Концептот на воздушните битки се одвивал со обезбедување на доволна близина која овозможувала уништување на целта со краток рафал од двата митралези или двата топа. Најпознатиот и најуспешниот пилот-ас кој летал со авионот „Ki – 43” бил Санатоши Анабуки, кој забележал 39 потврдени победи.

Со различните модификации во пределот на моторот, вооружувањето и воздушната конструкција, авионот „Ki-43” бил развиен во варијанти според предизвиците на војната и нејзиниот тек. „Ki-43 – I Ko” (“Mark Ia”), варијанта која била опремена со вооружување од два митралези „Type 89” со калибар од 7,7мм; „Ki-43 – I Otsu” („Mark Ib”), варијанта опремена со вооружување од еден митралез „Ho – 103” со калибар од 12,7 мм и еден митралез „Type 89” со калибар од 7,7 мм; „Ki-43 – I Hei” (“Mark Ic”), варијанта опремена со вооружување од два митралези „Ho-103” со калибар од 12,7 мм и способност за носење на две бомби од по 30 кг, лоцирани на носачи под крилата; „Ki-43 – II”, прототиповите на оваа варијанта биле опремени со моторот „Ha-115” и биле дизајнирани со пократки и поцврсти крила. Исто така, биле опремени со самозапечатувачки резервоари, 13-милиметарски заштитен оклоп за пилотот, рефлекторска нишанска справа и подобрена пилотска кабина; „Ki-43 – II Ko” (“Mark 2a”), варијанта опремена со нов ладилник за масло, кој бил лоциран под носот на аивонот. Исто така, способноста за носење на бомби била зголемена на 500 килограми; „Ki-43 – II Otsu” („Mark 2b“), опремен со нова радио опрема, а двете издувни цевки од моторот биле насочени под агол во насока кон опашката, што овозможувало дополнително потиснување; „Ki-43 – II Kai” („Mark 2” – подобрен), варијанта опремена со дополнителен резервоар за гориво со капацитет од 540 литри, лоциран во трупот на авионот; „Ki-43 – III”, опремен со моторот „Nakajima Ha – 115 – II“, кој развивал 1230 кс, способен да носи два надворешни резервоари за гориво со капацитет од 170 литри; „Ki-43 – III Ko”. Некои авиони од оваа варијанта, биле опремени со скии за дејство во снежни услови; „Ki-43 – III Otsu” (Mark 3b),опремен со линискиот мотор „Mitsubishi Ha-112 – II” и вооружување од двоен топ „Ho-5”, калибар 20 мм.

Димитар Даневски



# Руска нова самоодна хаубица „2С43 Малва“

Следеќи го светскиот тренд за развој на самоодни топ-хаубици поставени на камионски шасии, со цел намалување на цената на производството, поевтиното и поедноставно одржување, намалувањето на тежината (за полесен авионски транспорт) и Русија се заинтересира да равие нова самоодна топ-хаубица поставена на камионска шасија со погон 8x8, која ја доби ознаката „2С43 Малва“. Во развојот на артилерискиот систем се вклучени компаниите „ЦНИИ Буревестник“, која е во склоп на „Урал вагон завод“, „Брянский автомобильный завод“ и други. Во текот на годината се очекува на Руската армија да ѝ биде предаден новиот артилериски систем, а во текот на летото да бидат извршени практичните тестирања. Како основа за „2С43 Малва“ се користи военатa камионска шасија БАЗ-6010-027 8x8, на чиј заден дел е поставена топ-хаубицата 2А64 со калибар од 152 mm и должина на цевката од 47 калибри. Топот-хаубица поседува полуавтоматски систем за полнење на гранати, кој придонесува брзината на стрелба да изнесува 7 гранати во минута. На предниот дел од возилото е поставена оклопната кабина со 4 врати за сместување на 5-члениот екипаж. На горниот дел од кабината се поставени лансери на димни гранати. Артилерискиот систем поседува должина од 13 m, широчина од 2,75 m и височина од 3,1 m. Топот-хаубица поседува елевација од -3º до +70º, а азимут од 30º лево и десно од централната линија. Максималниот дострел на гранатите изнесува 24,5 km, а боевиот комплет е составен од 30 гранати. Тежината на „2С43 Малва“ изнесува 32 тони. Доколку успешно поминат сите практични тестови, со „2С43 Малва“ би требало да се заменат влечната хаубица „2А65 МСТА-Б“ со калибар од 152 mm и самоодната хаубица „2С1 Гвоздика“ со калибар од 122 mm.

Ивица Дамески





# Легендарната пушка „АК-47 – Калашников“

Легендарната пушка „АК-47“ е измислена од страна на Михаил Калашников во средината на минатиот век, за време на Втората светска војна, и истата го добила името според човекот кој ја конструирал

„Калашников АК-47“ претставува огнено оружје, а бројот 47 се однесува на годината кога е произведена. Михаил Калашников бил тенковски механичар во Советската армија за време на Втората светска војна. Кон крајот на 1942 година, советските сили биле преокупирани со создавање на автоматско оружје кое ќе може да пука на оддалеченост од околу 400 метри. Воените пиштоли на Шпагин кои биле популарни во тоа време не ги исполнувале ваквите барања, па поради тоа било потребно да се развие некој нов модел. Гледајќи ја предноста која ја имале германските војници во борбите, Калашников добил идеја да направи некое оружје кое ќе даде подобри резултати во самите борби, односно оружје кое секоја земја би сакала да го поседува. Во текот на неговата активна служба, тој се обидувал да направи такво оружје, па добил повеќе варијанти. Кога бил распишан конкурсот за митралези, Михаил Калашников се пријавил со моделот „АК-46“. Овој модел бил одобрен и од таму бил испратен во фабриката „Ковров“ каде се правело производство на прототипови. Во конкуренција за најдобро оружје, кое се избирало во декември 1946 година, пушката „АК-46“ ја загубила трката со своите конкуренти „АБ-46“ и „АБ“. Причина за тоа била комплексноста на оружјето, па поради тоа истото било отстрането од тестирање. Благодарение на поддршката која Калашников ја добивал од некои членови во комисијата, тој успеал повторно да ја прегледа својата одлука и побарал дозвола за извршување на натамошни истражувања преку кои ќе го подобри претходниот модел. Врз основа на спроведените истражувања, тој на крај одлучил да го произведе првиот „АК-47“, односно првиот „Калашников“ во јануари 1947 година. Во тоа време борбениот модел на пушка познат под името „Калашников“ победил на натпревар и било одлучено истиот да започне да се произведува масовно. После две години од производството, односно на крајот на 1949 година, оваа пушка била прифатена од страна на

советската армија, а после извесен временски период истата почнала да се употребува и од страна на другите армии-припаднички на Варшавскиот пакт. Оваа пушка станува симбол на разни револуционерни движења, од Виетнам и Авганистан до Колумбија и Мозамбик, на чие знаме се наоѓа до денес. Во текот на животот Калашников постојано го подобрувал дизајнот, правејќи ја пушката уште посигурна, поедноставна, полесна за производство и поевтина. Дури и после повеќе од седум децении, моделот и неговите варијанти остануваат најпопуларни и најчесто користени пушки во светот заради нивната сигурност, дури и во тешки услови, ниската цена за производство во споредба со современото западно оружје, нивната достапност, буквално во секој географски регион и лесната употреба. „АК-47“ била основа за развој на многу други видови на индивидуално оружје, групно оружје и специјализирано оружје. Заклучно со 2004 година, од околу 500 милиони огнено оружје ширум светот, приближно 100 милиони припаѓаат на „семејството“ Калашников, од кои дури три четвртини се „АК-47“.






## Составни делови и карактеристики на „АК-47“

Составни делови на „АК-47“ се: нож, повратен механизам, носач на затворач со клип, гасна комора со регулатор на гасови, гасен цилиндар со дрвена облога, затворач, цевка, заштитник на устата на цевката, нишани, рамка, капак на сандак, сандак со ракофат, механизам за чкрапање, кундак, тромблон, прибор за чистење. Пушката „АК-47“ се одликува со релативно евтино производство, таа е лесна за носење и за ракување. Оваа пушка обезбедува сигурност и издржливост. Пушката „АК-47“ треба да има само куршуми во рамката, и истата носи сигурност без разлика на кое место се наоѓате, дури и во дождливи тропски џунгли и блескави песочни пустини. Големиот гасен цилиндар и големиот простор помеѓу подвижните делови го спречуваат лесното заглавување на пушката. Оваа руска автоматска пушка со најмногу верзии ширум светот има челична цевка со должина од 415мм, калибар 7,62мм. Каналот на цевката и заштитникот кој е наменет за устата, а се наоѓа на врвот од цевката е жлебен, при што има четири чекори за извртување на жлебот 1/240 надесно, што овозможува почетна брзина на зрното од 600 m/s. Должината на пушката е 870мм со нож од 1070мм. Содржи рамка со 30 куршуми од типот 7,62x39мм. Поради големиот број предности кои ги поседувала оваа пушка, таа станала омилено оружје на разни криминалци и терористички организации. Така, таа се најде во рацете на терористите кои го окупираа Олимпиското село во Минхен во 1972 година, како и при бројни напади ширум светот.

За своето откритие Михаил Калашников во текот на својот живот добивал голем број признанија. Тој починал на 95-годишна возраст како национален херој во 2013 година.

Во текот на неговиот живот, Михаил Калашников се соочувал со разни критики кои упатувале на тоа дека неговото откритие довело до огромен број на смртни случаи насекаде во светот. На таквите критики тој самоуверено одговарал дека оваа пушка ја измислил за истата да служи како оружје за одбрана, а не за да служи како оружје за напад. Тој секогаш истакнувал дека тоа оружје не го развил за да биде мотив за насилство. Меѓутоа, во последните години од неговиот живот, Михаил Калашников како да почнал малку да го менува своето мислење и сите претходни изјави кои ги давал за своето откритие како да биле доведени под знак прашалник, односно почнала да се испитува нивната релевантност. Што било резултат за тоа? Одговорот на ова прашање се наоѓа во писмото кое Михаил Калашников го напишал до Руската православна црква, каде вели дека болката која ја чувствува длабоко во неговата душа е неподнослива. Тој во писмото пишува дека постојано си го поставува истото прашање одново и одново, а тоа прашање било: Ако мојата пушка однесе толку многу животи насекаде во светот, дали јас сум одговорен за нивната смрт?

Арианит Рацај

# Жените од домородното население Моло во борба за животната средина



Експлоатацијата на природните ресурси и глобалната зависност од фосилни горива има големо влијание и придонес за настанување на климатските промени. Во случајот на островот Тимор, изградбата на големи рудници има потенцијал да ги уништи шумите кои не служат само како важни базени на јаглерод, туку и како средства за опстанок за локалните домородни заедници, меѓу кои се и домородците Моло, кои со векови живееле во хармонија со животната средина

За домородното население Моло на островот Тимор во Индонезија, шумите, планините и водата не се само нивната околина, туку исто како храната и воздухот имаат суштинско значење за нивниот живот, а тие шуми и планини се богати со нафта, гас, злато и мермер. Наместо да имаат корист од богатството на сопствената земја, домородното население Моло секојдневно мора да гледа како 15 различни рударски операции ги отстрануваат ресурсите од нивните предци и тоа главно без нивна согласност или финансиски надоместок. Така, на пример, во 1996 година, изградбата на два нови рудници за мермер уништува околу 16.000 хектари (повеќе од 40.000 хектари) шума во која локалните жени бараат храна, бои за бојадисување и лекови кои се од суштинско значење за нивната егзистенција. Како одговор на ова, Алета Баун, позната како Мама Алета, започнува да организира протести против рударството. Предводени од Мама Алета, повеќе од 150 жени го блокираа влезот на рудникот една цела година. Тие формираат организација наречена „Покја ОАТ“ (изворно: Pokja OAT,



финансирана од глобалниот фонд „Грингрантс“ (Зелени грантови), чија главна мисија е поддршка на НВО и други организации за животна средина и социјална правда ширум целиот свет за да се спротивстават на уништувањето на екосистемите од страна на компаниите.
Работата на Мама Алета, која е на чело на организацијата „Покја ОАТ“, е пример на лидерство на жените во локалните НВО движења за зачувување на животната средина кои се обидуваат да се изборат против постојаната дискриминација и пречки. До 2007 година Мама Алета и антирударските активисти ги мобилизираат локалните племиња Аманубан и Аманатун и успеваат да ги натераат или, поточно, да ги принудат сите рударски компании од регионот да ја напуштат областа.
Експлоатацијата на природните ресурси и глобалната зависност од фосилни горива има големо влијание и придонес за настанување на климатски промени. Во случајот на островот Тимор, изградбата на големи рудници има потенцијал да ги уништи шумите, кои не служат само како важни базени на јаглерод, туку и како средства за опстанок за локалните домородни заедници кои со векови живееле во хармонија со животната средина.
Во текот на изминатите четири децении климатските активисти имат потрошено значително време и напори да ги убедат носителите на одлуки, кои главно се насочени кон научните и технолошките решенија, дека климатските промени имаат диспропорционално влијание врз жените и целото домородно население. Во меѓувреме, фокусот на вниманието може и да се префрли и на тоа како луѓето како Мама Алета придонесуваат кон глобалниот активизмот на тема климатски промени, а не само на прашањето за диспропорционалните ефекти на климата врз маргинализираните популации.
На глобално ниво, движењата на отпор предводени од жени ефикасно го запираат или го забавуваат локалното уништување на животната средина што ѝ се заканува на планетата Земја. А, ова се случува и покрај недоволната застапеност на жените во улогата на донесување одлуки во меѓународните и еколошките организации и огромните пречки што лидерите како Мама Алета мора да ги надминат за да им се слушне гласот. Така, на пример, само 13,8 проценти од сопствениците на земјиштето на глобално ниво се жени, што е огромна бариера за донесување на одлуки поврзани со одржливо користење и управување со ресурсите; жените сочинуваат помалку од 25 проценти во составите на парламентите ширум светот и имаат само 12 проценти од највисоките државни позиции во секторите поврзани со животната средина ширум светот. Исто така, помалку од 0,2 проценти од целото финансирање на фондацијата „Грингрантс“ оди за поддршка на еколошки организации предводени од жени. Но, без целосно учество на жени и девојки во донесувањето одлуки за климата, се губи клучната мозочна сила, потребна за да се решат и најсложените проблеми во светот. Затоа треба да се размисли во однос на тоа какви системски и трансформативни промени се потребни за да се опфатат поголемиот дел од проблемите и прашањата поврзани со климатската криза и да се менаџираат, односно и да се решат историските „угнетувања“, можеби поточно кажано „неправди“ кои исклучуваат групи на луѓе кои би требало да учествуваат во изнаоѓање на решенија.
Но, и покрај сево ова, само една година по победата на островот Тимор, нови рударски компании веќе навлегуваат во делови од шумата и конфликтот продолжува. Домородните лидери се уапсени, тепани и изложени на закани, вклучувајќи ја и Мама Алета. Притисокот врз домородното население и шумите на Западен Тимор останува и денес. „Покја ОАТ“ сега брои 130 села на територијата и ги следи правните и парламентарните начини за да „изгради“ поиздржливо правно барање за племенските шуми. За постојаните напори за одбрана на шумата Мама Алета ја добива престижната еколошка награда Голдман во 2013 година.
Како што продолжува борбата за спас на нашата планета, јасно е дека посилните движења за климатска правда изискуваат да се насочи поддршката кон луѓето како Мама Алета, кои имаат доволно храброст да се спротивстават на хегемоничните агенди, да креираат алтернативни решенија во нивните животи и заедници и да помогнат да мислиме поинаку. Потребна е праведна транзиција и решенија од кои целото човештво ќе има придобивки, а не само неколку успешни локални победи. Сè додека целосно не бидеме подготвени да го прифатиме фактот дека сите сме заедно во ова, решенијата нема да бидат остварливи, затоа што треба да се собере целата човечка мудрост за да се реши еден од најголемите проблеми денес – експлоатација на природните ресурси.



На глобално ниво, движењата на отпор предводени од жени ефикасно го запираат или го забавуваат локалното уништување на животната средина што ѝ се заканува на планетата Земја. А, ова се случува и покрај недоволната застапеност на жените при донесување одлуки во меѓународните и еколошките организации и огромните пречки што лидерите како Мама Алета мора да ги надминат за да им се слушне гласот

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од Kavita Ramdas & Laura Garcia)*



# Самолеплива лента „Duct Tape“

## Најкорисното нешто што некогаш било измислено!

Самолепливата лента е основна алатка за многу проекти и претставува дел од секојдневниот живот. Има многу голем избор на најразлични видови на лепливи ленти направени од разни материјали кои се користат во голем број апликации кои се многу подалеку од едноставно монтирање или лепење. Создадена е во раните четириесетти години на дваесеттиот век од брилијантната идеја на една загрижена мајка. Лентата брзо се развивала и станала еден од најчесто користените производи во светот. Зад едноставниот предмет се крие богата и долга историја на идеи и неочекувани авантури.

„Duct Tape“ е една од најпопуларните и најразлични видови на самолепливи ленти, благодарение на својата корисна комбинација на својства: отпорна е на вода, силна, лесна за кинење, флексибилна… Многу е корисна за брзи поправки, за заштита на компоненти и за сите намени што бараат исклучително силна леплива лента. Самолепливата сива лента, каква што денес ја познаваме, а што се чини дека го „држи“ најголемиот дел од светот, потекнува од Втората светска војна. Војската ја користела

„Duct Tape“ е една од најпопуларните и најразлични видови на самолепливи ленти, благодарение на својата корисна комбинација на својства: лентата е отпорна на вода, силна е, лесна за кинење, флексибилна. Војската ја користела лентата за да ги запечати своите кутии за муниција, но војниците брзо откриле дека таа може да има и илјадници други намени поради нејзините неверојатно лепливи квалитети, како и својствената хидроизолација



лентата за да ги запечати своите кутии за муниција, но војниците брзо откриле дека таа може да има и илјадници други намени поради нејзините неверојатно лепливи квалитети, како и својствената хидроизолација, што довело до тоа војниците да ја нарекуваат „Duck tape“, односно „патка лента“, поради тоа што се однесувала слично на пердувите на патка кои, исто така, овозможуваат водата да се лизга преку нив. Таа првично се произведувала само во војничка зелена боја. Била произведувана од страна на команијата „Johnson & Johnson“ за време на затоа што најблискиот претходник на „Duct tape“ исто така била производ на „Johnson & Johnson“ кој се користел како медицинска лента).

Веста Стоуд, работејќи во фабрика за пакување и контролирајќи ги спакуваните кутии со муниција кои биле запечатувани со восок и завиткани со восочна хартија за заштита од влага (што било многу непрактично), помислила дека мора да има подобар начин за заштита на кутиите од влага. Исто така, таа била мајка на двајца синови кои служеле во морнарицата и била особено загрижена за нивната состојба. Таа



Оригиналната лента со зелена леплива ткаенина го добила своето име за време на Втората светска војна, кога војниците почнале да ја нарекуваат „Duck tape“, односно „патка лента“, заради начинот на кој течностите се сливаат како вода од грбот на патка. Не многу долго после војната, компанијата лансирала металик сребрена верзија наречена „Duct tape“, односно „лента за канали“, откако директорите откриле дека може да се користи и за завиткување на канали за греење и вентилација



Втората светска војна, за потребите на војската. На војската особено ѝ била потребна водоотпорна лента што може да се користи за да се спречи влагата да навлезе во сандаците со муниција и тоа е причината зошто лентата првично се појавила само во армиска зелена боја. Војниците почнале да забележуваат дека таа не е добра само за хидроизолација на сандаците за муниција туку, исто така, служела одлично и за поправка на работите. Тие почнале да ја користат за поправка на џиповите, пушките и авионите. Поради својата водоотпорна природа, сила и вграденото лепило, тие дури почнале да ја користат и како привремено средство за затворање на раните во итни случаи (ова било соодветно разговарала со своите надзорници за идејата дека треба да се изработи лента направена од силно, отпорно на вода платно. И кога тој предлог не наишол на разбирање, таа испратила писмо до тогашниот претседател Френклин Рузвелт со детали за нејзиниот предлог (кој вклучувал рачно скицирана шема), барајќи истиот да се усвои, повикувајќи се на неговата совест: „Не можеме да ги изневериме нашите војници со тоа што ќе им дадеме кутија со муниција што треба да се отвори за една минута или две, овозможувајќи му притоа на непријателот да одземе животи коишто би можеле да бидат спасени доколку кутијата би била залепена со силна лента што може да се отвори во дел од секундата. Ве молам, господине Претседателе, сторете нешто за ова веднаш; не утре или наскоро, туку сега“. За чудо, Рузвелт, препораката на Стоуд им ја пренел на воените авторитети и за две недели таа добила известување дека нејзиниот предлог се разгледува, а подоцна таа добила и писмо со кое била известена дека нејзиниот предлог е одобрен, а нејзината идеја била пофалена како „исклучителна“. Потоа, компанијата „Џонсон и Џонсон“, која била специјализирана за медицински материјали, била назначена за развој на цврста ткаенина со силно лепило, која ќе стане позната како „Duck tape“, и која ја добила наградата „Е“ на армијата и морнарица. Наградата се доделувала за извонредност во производството на воена опрема. Додека „Џонсон и Џонсон“ официјално биле заслужни за пронајдокот на лентата, загрижената мајка ќе биде запаметена како „мајка на лентата“.

Откако војната завршила, војниците се вратиле дома и почнале масовно да купуваат куќи. Тие, исто така, при работењето со градежните компании им раскажувале на нивните шефови за  неверојатно лепливата лента што ја користеле за време на војната. Лентата се користела за сите видови работи околу греењето, вентилацијата и климатизацијата, но најмногу за спојување на каналите за вентилација. Така, „патка лентата“ (Duck tape) станала „лента за канали“ (Duct tape). Во двата случаи, изговорот е скоро ист. Според веб-страницата на „Џонсон и Џонсон“, оригиналната лента со зелена леплива ткаенина го добила своето име за време на Втората светска војна, кога војниците почнале да ја нарекуваат „Duck tape“, односно „патка лента“, заради начинот на кој течностите се сливаат како вода од грбот на патка. Не многу долго после војната, компанијата лансирала металик сребрена верзија наречена „Duct tape“, односно „лента за канали“, откако директорите откриле дека може да се користи и за завиткување на канали за греење и вентилација. Една од теориите кои се однесуваат на името се однесува и на поврзаноста со дак-платното, кое било една од

компонентите од кои била направена лентата.  Всушност, тоа биле долги ленти од цврсто ленено платно наречено „дак“ според холандскиот назив за тоа платно („Doek“). Тој материјал се користел за правење патики, за сликарски платна, за зајакнување или украсување на облека, за завиткување на челични кабли или електрични проводници за заштита од корозија или од абење. На пример, во 1902 година, челичните кабли, пред да бидат поставени на мостот на Менхетн, биле заштитени од корозија со ленено масло, а потоа завиткани со овој материјал. Секако, овие ленти од овој материјал биле без слој на лепило.
Во 1910-тите биле користени разни видови лепливи ленти, вклучително и ленти од ткаенини со леплив слој од едната страна. Бела леплива лента направена од ткаенина натопена во гума и цинк оксид се користела во болниците за да се преврзат раните. Во 1923 година, Ричард Гурли Дру, кој работел за компанијата „3М“ измислил леплива лента заснована на хартија со лесно леплива страна. Во 1930 година, Дру развил транспарентна лента заснована на целофан. Оваа лента била широко користена за поправка на предмети во домаќинствата. Лентата „Duck“ веројатно е модификација на пронајдоците на Дру, но ниту еден негов пронајдок не се базирал на лента од платно. По завршувањето на Втората светска војна, Duck-лентата се продавала во продавници за материјали за поправки во домаќинствата. Компанијата „Мелвин А. Андерсон“ од Кливленд, Охајо, ги стекнала правата на лентата во 1950 година. Најчесто се користела во градежништвото за да се завиткаат каналите за вентилација. Според употребата, името „Duct tape“, односно „лента за канали", почнало да се употребува во педесетитте години на минатиот век. Специјализирани ленти отпорни на топло и на ладно биле развиени за канали за греење и климатизација. До 1960 година, компанија од Сент Луис, Мисури, „Алберт Арно, АД“, го заштитила името „Duct tape“ за нивната „отпорна на пламен“ лента за канали, способна да издржи температури од 177 до 204° С. Во 1971 година, Џек Кал ја купил фирмата „Андерсон“ и ја преименувал во „Манко“. Во 1975 година, Кал ја ребрендирал лентата направена од неговата компанија. Бидејќи претходно користениот генерички термин „Duck tape“ исчезнал, тој бил во можност да ја заштити трговската марка „Duck tape“ и да го пласира својот производ комплетиран со лого со жолт цртеж на патка. Манко го избрал името „Патка“ како претстава за фактот дека луѓето честопати се однесувале кон лентата како кон „duck tape“ и како маркетиншка диференцијација од другите производители на „Duct Tape“. Во 1979 година маркетиншкиот план на компанијата предвидувал испраќање на картички со новото лого, четири пати годишно, на 32.000 менаџери на продавници за материјали за домаќинство. Оваа комуникација во комбинација со разнобојно, практично пакување  помогнало „Duck Tape“ да стане популарна и да контролира 40% од пазарот во САД. Во 2009 година, компанијата била продадена на „Shurtape Technologies“, која е во сопственост на семејството Шуфорд од Северна Каролина.
Првичниот производ на „Џонсон и Џонсон“ не се разликува многу од верзијата која може да се најде на пазарот денес. „Duct tape“ е составена од три слоја. Горниот слој е пластика, полиетилин, средниот слој е мрежеста ткаенина, а долниот слој е лепило засновано на гума, чувствително на притисок. Првично била произведувана со едноставно притискање на овие три слоја заедно. Мрежната ткаенина ѝ дава цврстина на затегнување и можност да се скине со рака. За разлика од класичното лепило, кое формира врска откако супстанцата ќе се стврдне, лепилото кај лентата е осетливо на притисок. Колку е посилен притисокот, толку е посилна врската, особено ако површините се чисти, мазни и тврди. Лентата е огромен хит кај војниците поради нејзината цврстина, мултифункционалност и водоотпорните својства. Се употребува за секакви поправки, од чизми до мебел. Исто така, лентата е популарна во светот на мотоспортот, ја користат и филмските екипи, а дури и астронаутите на НАСА пакуваат ролни кога одат во мисии во вселената. Таа била славно употребена за да се поправат расипаните филтри за јаглерод диоксид на „Аполо 13“. Ед Смили, кој ја дизајнирал модификацијата на филтрите, подоцна рекол дека знаел дека проблемот е решлив, кога било потврдено дека има „Duct Tape“ во „Аполо 13“. НАСА, исто така, користела „Duct Tape“ и за време на мисијата „Аполо 17“ за да поправи оштетен браник на лунарниот ровер. Последниве години историјата на лентата е долга приказна на истражувања и иновации, што ја прави флексибилен и ефикасен производ што сите го знаеме. Отпорност на екстремни температури, воведување на нови материјали и технологии, производство на специфични ленти за индустриски употреби, ова се само некои од чекорите што се направени во последните децении, потврдувајќи ја како еден од најкорисните алатки што некогаш биле измислени.

Александар Стојчевски

Лентата е популарна во светот на мотоспортот, ја користат и филмските екипи, а дури и астронаутите на НАСА пакуваат ролни кога одат во мисии во вселената. Таа била славно употребена за да се поправат расипаните филтри за јаглерод диоксид на „Аполо 13“







# Естреја Овадија-Мара

Естреја Овадија-Мара била Еврејка од Битола и припадничка на Македонското национално ослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна. Естреја Овадија - Мара загинала во борба со бугарските војници од пограничната караула во близина на врвот Кајмакчалан на 26 август 1944 година. Таа имала само 22 години. За народен херој била прогласена на 11 октомври 1953 година

Естреја Овадија-Мара е родена на 25 декември 1923 година во Битола, во работничко еврејско семејство. Рано останала без татко. Имала уште две сестри, за чие издржување, покрај мајка ѝ којашто работела како перачка по богатите куќи, иако била мала, се грижела и таа. Естреја посетувала и училиште. Многу мала ја почувствувала сета беда на сиромаштија и целиот бес на богатите, кај кои и самата морала да работи. Веќе во 1938 година, со неполни 16 години, се активира во Еврејското хуманитарно друштво „Визо“ во родниот град. Подоцна, истата година, заминала на работа во Белград. Нејзиниот револуционерен активизам дошол до израз за време на демонстрациите на 27 март 1941 година во Белград. Била на чело на работничката група, поттикнувајќи општ револт против предавничката политика на југословенската влада. Тоа била доволна причина да стане членка на СКОЈ, а потоа уште поинтензивно да го продолжи своето револуционерно делување. По капитулацијата на земјата, во 1941 година се вратила во Битола и се вклучила во подготовките за вооруженото востание. Член на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) била од 1942 година. Непосредно пред депортацијата на македонските Евреи, заминала во илегала на 10 март 1943 г., а потоа на 5 април 1943 година заминала, првин како борец на Партизанскиот одред „Даме Груев“, потоа во Партизанскиот одред „Гоце Делчев“ и во други единици на Народноослободителното движење – НОВ и партизанските одреди на Македонија – ПОМ. При формирањето на Третата македонска ударна бригада била назначена за заменик-политички комесар на чета. На 22 август 1944 година при формирањето на Седмата македонска бригада е назначена за политички комесар на баталјон.

Естреја Овадија-Мара загинала во борба со бугарските војници од пограничната караула во близина на врвот Кајмакчалан на 26 август 1944 година. Имала само 22 години. За народен херој била прогласена на 11 октомври 1953 година.

Во нејзин спомен и чест, за прерано положениот млад живот на браникот за слободата на својата татковина, во центарот на Битола постои нејзина биста и една детска градинка која го носи нејзиното име. Во нејзина чест е именувана и една улица во Ерусалим во Израел.

Антоанела Димитриевска




*Улица во Ерусалим го носи името на битолчанката Естреја Овадија-Мара, Еврејка прогласена за народен херој во Југославија*



# Музеј „Носач на авиони УСС МИДВЕЈ“

Бројот на посетителите на овој музеј од неговото отворање до денес секоја година расте. До денес истиот го имаат посетено преку 16 милиони посетители. Само во текот на последната година музејот го имаат посетено преку милион и тристотини илјади посетители, што го става на првото место на листата на најпосетени воени бродови во светот. Според престижниот www.tripadvisor.com, музејот „УСС МИДВЕЈ“ е петторангиран музеј во САД и е на 22. место на светско рамниште. Секоја година персоналот кој работи на музејот „УСС МИДВЕЈ“ внесува по некоја новост во својата понуда, што ги прави поатрактивен и поинтересен за посетителите. Категориите на посетители кои најчесто го посетуваат овој музеј се од најмлада возраст па сè до најстара. Причината за тоа е понудата на активностите, историските факти и можности кои се нудат додека го шетате овој пловечки град. Самиот носач е лоциран на пристаништето во Сан Диего, Калифорнија,САД. Иако не е најголем музеј во светот, сепак првиот впечаток при посетата на овој музеј е неговата големина со должина од 305 метри, широчина од 79 метри и висина од 57 метри. Посетата на музејот

„Носачот на авиони УСС МИДВЕЈ“ бил започнат со изградба во август 1942 година, завршен во 1945, влезен во употреба за потребите на морнарицата на САД само една недела по завршувањето на Втората светска војната и во 1992 година после 47-годишна успешна служба, истиот е повлечен од активна употреба. Од јануари 2004 година прераснува во најголемиот морнарички музеј посветен на носачите на авиони и морнаричката авијација

започнува со влез во подпалубниот хангар во кој се сместени еден дел од триесетте авионите кои се изложени во музејот. Авиони кои се изложени во овој дел се: „F-4 Corsair“, „TBM Avenger“, „SNJ Texan“, „Bird Dog“, „F-4F wild Cat“ и „SBD Dauntless“. Со овие авиони е одбележан периодот веднаш по пуштањето во употреба на носачот т.е. после Втората светска војна, кога на носачот на авиони УСС „Мидвеј“ се користени клипни авиони. Во овој дел на музејот се изложени и 5 отворени кабини на воздухоплови (F-14 Tomcat, F-4 Phantom, E-2 Hawkeye, A-7 Corsair, SH-60 Seahawk), каде што посетителите можат да влезат и да седнат и на момент да почувствуваат како им е на пилотите на овие воздухоплови. Во продолжение на овој дел од музејот се сместени и два симулатори каде може да пробате да летате на „F-18 Hornet“ и притоа да извршите дадени задачи, додека во вториот имате можност да водите воздушна битка. Цената на билет за еден од овие симулатори изнесува 8 долари. Во подпалубниот хангар се изложени и неколку видови на исфрливи седишта кои се користат во денешните воздухоплови, а изложена е и макета на носачот на авиони „Мидвеј“. На крајниот лев дел од подпалубниот хангар е сместена продавницата за подароци и сувенири, додека на крајниот десен дел е холограмско кино кое ја опишува битката за Мидвеј. На овој дел се распоредени и може да ги видите просторијата за сместување на сидрото, командниот информативен центар, креветите и сместувањето на

војниците и подофицерите, затворските простории на „Мидвеј“, просторијата за подготовка на пилотите, како и лифтовите за подигање на авионите кои се подготвени за лет од подпалубниот хангар на пистата. На самата писта на носачот се распоредени останатите 24 воздухоплови од периодот на Кореанската војна „F9F Panther“, од Виетнамската војна „A-4 Skyhawk“, „F-8 Crusader“, „F-4 Phantom“, „A-6 Intruder“ и „A-7 Corsair II“, од периодот на Студената војна „F-14 Tomcat“, „S-3 Viking“ и „F/A-18 Hornet“. Специјалните летала како „F9F-8P Cougar“, „RA-5 Vigilante“, „EKA-3 Skywarrior“, „T-2 Buckeye“ и „EA-6B Prowler“. Музејот „УСС Мидвеј“ ја поседува најкомплетната колекција на поморски хеликоптери. Поставката започнува со пионерскиот „HO3S Dragonfly“, па следуваат клипните модели „HUP Retriever and the SH-34 Seabat“. Од турбинските поморски хеликоптери изложени се „SH-2 Seasprite“, „SH-3 Sea King“, „HH-46 Sea Knight“ и „SH-60 Seahawk“.Особено се истакнува реставрираниот „UH-1 Huey gunship“ од ерата на Виетнамската војна. Покрај можноста да се разгледаат изложените воздухоплови на овој дел од музејот може да го погледнете системот за наведување со светлосна навигација на пилотите за слетување на носачот, што е од особена важност при слетување во ноќни услови или за време на ограничена видливост. Несекојдневна е и посетата на командниот мост или таканаречениот „Остров“ од каде се физички се управува носачот на авиони и воедновоздушниот капетан ги надгледува сите летачки операции. Во подножјето на командниот мост се прикажани повеќе оператори во елеци со различна боја. До секој од нив стои објаснување кој оператор за што е задолжен при работа на пистата од носачот на авиони. Во делот од пистата каде се катапултите за лансирање на авионите има ветеран кој врши детаљно појаснување како тече подготовката за лансирање на авионот, проверката, како и самото лансирање. Во долниот дел на носачот „Мидвеј“, поточно во второто, третото и четвртото ниво, се сместени сите останати одделенија кои овозможувале нормално функционирање на овој пловечки град. Капелата, амбулантата, пералницата, пошта, кујната и сите останати се распоредени и притоа во секој дел има по неколку кукли кои со својата реалност го доловуваат начинот на функционирање на овој дел.
Музејот „УСС Мидвеј“ на годишно ниво е домаќин на 700 настани како што се церемонии за унапредувања, пензионирања, студентски патувања и слично. Покрај вообичаените отворени денови за посетителите на музејот, на



самиот музеј-носач се организираат специјални денови, и тоа: Меморијален ден кога се организира комеморација за сите загинати бранители, се организира и прослава на Денот на независноста, 4 Јули, Ден на ветераните итн. Во понудата на носачот има и несекојдневни понуди за посетителите како што се можност за едновечерно преспивање на носачот, и тоа во просториите и креветите каде некогаш спиеле морнарите. Можност за следење на кино проекција на самата писта на носачот на авионот на култниот филм „Топ ган“, по кој следува забава на отворено.
При посетата музејот ви нуди можност и за самонаведувана аудиотура која објаснува голем дел од изложените експонати со околу 60 точки. Во одредени денови додека се шетате низ носачот на авиони, имате можност да зборувате со ветерани кои некогаш служеле и работеле на овој носач, а истите воедно подетаљно ви објаснуваат за одредени постапки (капатулт за полетување, работа на команден мост итн), или за одредени авиони на кои тие летале. Прошетката низ музејот трае во просек од 3 до 4 часа. Цената на билетот за возрасни (18-61 година) изнесува 26 долари, додека за студенти е 18 долари, а за ветрани 10 долари. Влезот за посетители е од 10.00 до 16.00 часот. Постојаните вработени во музејот и големиот број на активисти се трудат сите експонати да бидат во беспрекорна состојба, но воедно и што е можно поблиску да им ја приближат историјата на посетителите. Со своите нови експонати и активности, музејот-носач на авиони „УСС Мидвеј“, дефинитивно е на врвот на светските воени музеи. Доколку некогаш сте во можност да го посетите овој музеј – не ја пропуштајте таа шанса.

Златко Блажески





# КОРОНОЛОГИЈА – интердисциплинарна наука

Прашање на ден е кога во светот на глобалната научна терминологија ќе биде утврден и зборот „коронологија“. За разлика од сите досега именуваните научни дисциплини, главно именувани во античка Грција и Стариот Рим, корона, планетарна болештина, е предмет на изучување на сите научни дисциплини. Ако е логично со неа да бидат опседнати сите гранки на медицината, повеќе од фасцинантно е сознанието дека не постои ниту една сфера на човековиот интерес која не е обземена со Ковид-19

Потпирајќи се на интерната документација, наречена „Питерова сваштара“ и интернет-информациите, на читателите на „Штит“ ќе им понудиме фрагментарни аргументи за констатацијата подвлечена во поднасловот на ова писание. Имено, секоја глобална катастрофа, во зависност од нејзиниот повод и последиците, станува предмет на интерес на одредена научна дисциплини, а станувало збор за ерупција на вулкани, глобално затоплување, метеори или за големи грабежи, социјални немири, политички преврати.... Во случајов со актуелната пандемија нема исклучоци; ја третираат верски авторитети, филозофи, социолози, психолози, писатели, поети, композитори, кинематографи, футуролози, гатачи, криминалци...




## Господ и света водичка

Поглаварот на Римокатоличката црква, папата Фрањо, е првиот црковен авторитет којшто со светот ја подели својата загриженост со појавата и





последиците од корона-вирусот. Го направи тоа речиси една година по паниката која го обзема светот, по повод божиќните празници минатата година. Своето редовно обраќање не го направи од базиликата на плоштадот „Свети Петар“ (Urbi et Orbi), туку од Апостолската палата, придржувајќи се до обврската за задолжителната дистанца. Својот говор го започна со констатацијата дека „целиот свет се наоѓа на ист брод и дека за секој поданик на планетата Земја треба да се обезбеди вакцина“. Господ и светата водичка не ги спомнуваше.

За разлика од него и илјадниците водачи на сите познати религии, неколкумина свештеници од Грчката православна црква, повикувајќи се на „вера во Господа„ и на „светата водичка“, од нејзиното појавување до денес, короната ја игнорираат и верниците ги повикуваат да се „свртат кон Господ и верата, лекови за сите болештини од искон до денес“. Епископот Ерисоски, Светогорски и Адрамедиски, Теоклит, корона-паниката во Грција ја пречека со зборовите: „Мене верата во Господ ме штити. Баталете ги маските и растојанието. Верувајте во семоќниот Бог и не плашете се“. Кога по неговата изјава се крена медиумска врева, епископот Теоклит побарал да го тестираат. Иако тестот бил позитивен, светиот Отец не се разболел и продолжил да му служи на Господ како што правел и пред короната, без маска и растојание. И неговиот колега, митрополит на Калаврите и Егелија, Амвросис, на короната ѝ се спротивставил со „света водичка“.

На грчката телевизија е објавен видеозапис од една проповед на митрополитот, каде тој верниците ги повикува и ги советува да си донесат шишенца да им даде света водичка, која треба да ја пијат и да ги прскаат рацете и алиштата, зашто „тоа е лек против сите болештини“.

Најголемите духовници во Српската православна црква, патријархот Иринеј и епископот црногорско-приморски, Анфилохије, верниците не ги повикуваа да ги бојкотираат препораките на световните власти – носење маски и држење дистанца, меѓутоа, и двајцата, кај Спасителот заминаа заболени од Ковид-19. Вакви и слични примери се забележани во Русија, Украина и Бугарија, меѓутоа, нивната вера во семоќниот Господ не ја пропагирале јавно, ако под тоа не се подразбира и неносење маски. И неколкуте светски лидери на короната ѝ се спротивставија верувајќи во својот господ, меѓутоа, тројца од нив: Жаир Болсонаро, претседателот на Бразил, и неговите колеги од САД и Велика Британија, Доналд Трамп и Борис Џонсон, едвај куртулија, заразувајќи се со корона. Потоа, и тројцата, ултимативно повикаа на почитување на сите мерки за заштита и на помош повикаа полиција и армија.

## Корона, симбол на човековото незнаење

Најстариот жив филозоф, Германецот Јирген Хаберманс (1929 год), анализирајќи ги настаните околу короната, помеѓу останатото, кажал: „ Никогаш немало толку знаење за нашето незнаење“. Нешто слично запишал и Прокопие Цезариски, најучениот Византинец во времето на Јустинијан Велики. Освен што забележал дека дневно во Константинопол умирале илјадници луѓе, Прокопие прв оставил подробни податоци за пандемијата што се случила во 641 година. Следејќи ја практиката од Питагора до најпопуларниот современ филозоф Славој Жижек, значи од првата до оваа последна пандемија, умните, на свој начин ги толкувале глобалните потреси, па и пандемиите.

Словенецот Жижек, наречен „естраден филозоф“, кој своите предавања на актуелни теми ширум светот ги држи и во спортски хали, во темата за корона се вклучил со експресно напишана книга „Пандемија! Ковид-19 го тресе светот“. Поентата на оваа книга претставува повик за рушење на „трулиот капитализам“ и итно обновување на комунизмот. Жижек смета дека короната е последица на безбожничка трка по профит, и тоа нужно бара менување на планетарната свест за негово вадење

од канџите на глобалните профитери. Неговата колешка од Германија, Свења Фласпелер, пак, вели дека луѓето треба да бидат похрабри во менувањето на свеста и светот и повикува да се преиспита суштината на потрошувачкото општество. „Короната е сигнал дека тоа треба што поскоро да се стори“, заклучува таа. Водечкиот филозоф од Универзитетот Стенфорд, Ханс-Урлих Гумбрехт, филозовски ја проширува темата за „длабоката држава“, ги набројува сите нејзини елементи, тврдејќи дека короната не е ништо друго туку „ инструмент за постројување на светот“. Познат по своите јавни истапи и објаснување дека е на дело „ограничување на слободата на поединецот и на цели народи“, тој, алудирајќи на согласување со воведување забрани за движење и дружење, поставува прашање: Дали ваквото жестоко поздравување на државата на вонредна состојба ќе биде држава на нашата иднина? Подиректен во оваа насока на критиките е водечкиот руски политички филозоф Александар Дугин. Своето видување за времето на короната, Дугин го објаснува во десет точки, дека светот е на прагот на едноумие, а по желба на политичките елити и суровиот профит. Во ова прилика ќе ја цитирам неговата претпоследна мисла: „Во Руската Федерација вирусот не се однесува како треба, се смири пред гласањето за промена на конституциите, за потоа, другиот ден по гласањето, да се поврати на старото ниво“.

## Секоја чума има свој писател

Освен спомнатиот Прокопие од Цезарија, сите досега познати пандемии на заразни болести се овековечени во античката и класичната литература. Античкиот историчар Тукидид прв оставил пишана трага за епидемијата на чума во Атина. Неговиот сонародник Хомер чумата ја опишува во својата „Илијада“, за време на Тројанската војна. Сепак, родоначалник на пандемиската литература е славниот ренесансен писател Џовани Бокачо. Овој сестрано образован италијански писател, политичар и дипломат, роден во околината на Неапол 1313 година, вечно ќе биде запаметен како автор на книгата новели „Декамерон“. Во нејзина основа се зборува за бегство од црната чума, која Фиренца ќе ја зафати во 1348 година. Имено, сакајќи да ѝ избегаат на болештината, тројца момчиња и седум девојки се затвораат во црквата „Света Марија Новела“ и се договараат времето да го прекратуваат со раскажување приказни. Без оглед што „Декамерон“ се вбројува во најславните еротски дела, преку него Бокачо слави разум и слободен дух, сугерирајќи дека, со оглед на сите маки, па и на чумата, живот треба да се живее, природно, без оглед на општествените и верски околности. И во 21 век милиони луѓе, како дружината на Бокачо од „Декмерон“, спас од Ковид-19 побарале во провинција, во природата, подалеку од урбаните центри во кои царува модернава чума.
Угледувјќи се на Бокачо, на црната чума, пандемијата и на заразните болести, ќе ѝ се посветат: Томас Ман („Смртта во Венеција“ и „Волшебен брег“) и Албер Ками („Чума“), Португалецот Жозе Сарамаго („Слепило“), Дин Кунц („Очи на темнината“), српскиот писател Борислав Пекиќ („Беснило“), Бразилецот Пауло Коељо („Љубов во време на колера“), Канаѓанката Маргарет Атвуд („Годината на потопот“) и други. Во сите спомнати дела не се заобиколени клучните компоненти на човековото битисување, почнувајќи од социјален статус, општествено опкружување, преку стравот до верба и љубов. Заемноста на овие елементи, без оглед на типот на заразната болест, е иста на секое катче од планетата Земја, па оттука се доаѓа до заклучок дека пандемијата на Ковид-19 ни покажа „колку знаеме дека ништо не знаеме и додека ова го читате, во работилниците на познати а анонимни литерати ширум светот веќе се раѓаат дела посветени на светот и Ковид -19.

## Песна и хумор како лек

„Во тој смртен виор има и такви кои одат низ улиците на градот, ги прескокнуваат телата на починатите, пеат и играат, потсмевајќи ѝ се на чумата“, запишал Прокопије, оставајќи така сведоштво дека човекот и несреќата остануваат непроменети. За слично однесување сведочат и современиците на сите пандемии од Тукидид до денес. Велам до денес, бидејќи, кога короната стаса










во Европа, беше пречекана со потсмев и негирање. Тој однос кон болештината не се промени ни кога бројот на умрените се броеше над неколку илјади во денот. Напротив, токму тогаш, корона-вирусот „влезе“ и во музичките работилници, а песните станаа планетарни хитови. Виетнамецот Кунг Донг, на почетокот на минатата година, освен што се прослави со песната „Миј раце“, преку ноќ и се збогати. Надарените музичари, но и најобични шарлатани ширум светот, создадоа илјадници песни посветени на корона-вирусот. Доволно е да го отворите интернет каналот „Ју Тјуб“ и да сфатите дека има вистина во онаа српска поговорка која вели „Песми хвала, она нас је одржала“. А кога сме кај Србите, тие се апсолутни рекордери по бројот на песни посветени на корона-вирусот. Во врвот на топ-листата на хитови посветени на овој вирус е и песната „Корона чао“ на нашите сограѓани Александар и Дац.
Славните Мујо и Хасо повеќе не се лидери во секојдневниот хумор. Короната ги фрли во сенка, а во светот веќе постојат интернет-сајтови со корона- вицотека. Овој страшен вирус „во „живот“ ги врати и карикатуристите, станувајќи инспирација за политички и еротски карикатури. Интересно е да се нагласи дека Ковид-19 стана клучен елемент во критикување и исмејување на светските и локалните лидери, и според последните показатели, главни корона-ликови се Путин, Трамп и Ангела Меркел. Користејќи го Ковид-19, водечките светски карикатуристи, остенот го фрлија на сите општествени аномалии, разголувајќи ги светските финансиски и политички моќници. Милијардерот Бил Гејтс, наводниот финансиер на создавањето на Ковид-19 и таканаречената „длабока држава“, можеби и без валидни докази, е прогласен за виновник за катастрофата што ја погоди Земјината топка.

## Сината планета на принуден одмор

И додека медицинските работници секојдневно се во паника, сеизмолозите и еколозите ликуваат. „Колку и да е апсурдно, корона-вирусот на нашава планета ѝ донесе неопходен мир“, изјави минатото лето Рафаел де Плајн од Мексиканскиот национален универзитет. Тој е еден од 76 научници кои објавија текстови, повикувајќи се на податоци собрани од 268 сеизмолошки станици, сврзани со корона-вирусот и планетарни вибрации. „Ние со сигурност можеме да кажеме дека во модерната сеизмологија не било така долг временски период на човековата тишина“, изјавил де Плајн. Пресметката направена според собраните податоци, потврдила дека вибрациите на Земјината кора се 13 пати помали во 2020 година од оние, забележани 2019 години.
Поентата на сите 76 научни текстови посветени на „смирување“ на Земјината топка во време на пандемија е дека, на дело е нужна обнова на фреквенцијата, полезна за здравјето на сиот жив свет на нашата планета. Спомнато е и дека вибрации во природата од 528 мегахерци полезно влијаат на ДНК во човечкиот организам. Освен тоа, намалување на бучавата, на сеизмолозите им дава можност да ги ревидираат сеизмолошките карти, што е битно за предупредување на идните земјотреси. Пандемијата, исто така, забележително влијае на растителниот и животинскиот свет, давајќи им можност да се ослободат од човековата себичност, изразена преку неконтролирано сечење на шумите и ловење на животните, во морето и на копно. Во земјите на Средниот и Далечниот Исток, веќе една година строго е забранет ловот на влекачи, птици и одредени морски видови. Дали во таа насока работите ќе се вратат на старо, по научните сознанија дека за Ковид-19 не се виновни лилјаците и други животни, ќе покаже времето. Она што е извесно и со што се согласуваат научниците и лаиците, е тоа дека Сината планета е на принуден одмор, а до кога ќе биде не се знае. Извесно е само дека светот доби уште една научна дисциплина – коронологија.

Миле Раденковиќ








# 8 Март – Меѓународен ден на борбата за правата на жените

Со овој напис сакаме уште еднаш да потсетиме на тоа зошто и кога почнал да се слави 8 Март како Меѓународен ден на жената. Официјално, 8 Март бил прогласен за Меѓународен ден на жената со одлука на Обединетите нации во 1975 година и претставува ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите.

Осми Март е само еден ден во годината кој треба да нè потсети на борбата за женските права и не треба да се заборави дека таа борба сè уште е актуелна и секојдневно треба да се инсистира на рамноправност помеѓу мажите и жените во сите сегменти на едно современо и демократско општество

Идејата за одбележување на посебен ден, посветен на жените и нивните права, потекнува од почетокот на 20 век, а за тоа посебно инсистирале припадниците на Социјалистичкото движење. На оваа иницијатива посебно влијание имале и настаните кои се случиле кон крајот на 19 век, поточно на 8 март 1857 година, кога во Њујорк стапиле во штрајк работничките на фабрика за текстил, барајќи подобри услови на работа за жените. На исто место и во ист ден, но 51 година потоа, повторно дошло до штрајк на жените. Работничките биле затворени во фабриката, каде потоа избил пожар во кој изгореле 129 жени. Во сеќавање на овој ден и овој трагичен настан, една година подоцна, во Њујорк, за првпат е одбележан Осми март како Ден на жената.

На иницијатива на Социјалистичката партија на Америка во 1910 г. под закрила на Втората интернационала во Копенхаген е одржана Првата меѓународна конференција на жените и на неа е одлучено да се прославува Меѓународен ден на жената, но без да биде утврден точен датум. Тогаш, жените од Германија, Австрија, Данска, Австрија и Америка побарале право на глас на избори. Следната година, на 19 март 1911 година, овој празник за првпат е одбележан со протести од страна на повеќе од милион луѓе во Австрија, Германија, Данска и Швајцарија. Во Германија, под водство на Клара Цеткин, во 1912 година излегле милиони луѓе на протест. Од 1913 година на 8 март жените ширум светот почнале да одржуваат масовни мировни собири на кои ја истакнувале потребата од борба за еднакви работни услови и права на сите полиња во општеството.

Во Франција жените побарале право на глас, но и право да бидат бирани, па на ова се надоврзале жените во други европски земји, и конечно во 1913 година им се приклучиле и жените од Русија.

Во 1916 година, во Русија, жените во една текстилна фабрика во Санкт Петербург на осми март стапиле во штрајк, исто како и жените во Америка. На Меѓународната конференција во 1921 година во Москва било одлучено Осми март да се прогласи за Меѓународен ден на жената. На овој ден целата јавност се сеќава на тешката







борба на жените за свои права, како што се осумчасовно работно време, изедначување на платите на мажите и жените за исти работни места, породилно боледување, право на глас итн.
Во 1918 година во Германија жените за првпат добиле право на глас, како и да бидат бирани на избори. Тоа бил голем успех на женските активистки во оваа земја. Прва пратеничка во германскиот парламент била Мари Јукач (Marie Juchacz), која била членка на Социјалдемократската партија на Германија. Таа, во германскиот Парламент се обратила со следните зборови: „Дами и господа, од денес жената е рамноправна граѓанка на оваа земја. Размислете добро што значи тоа. Тоа значи дека има многу повеќе жени од мажи кои се на изборна возраст. Жената денес, со оглед на тоа дека има право на глас, има можност да влијае на политичкиот живот во земјата. Тоа дава можност секој поддржувач на социјалдемократјата да се залага за правата на жените да гласаат".
Во 1975 година, годината која беше прогласена за меѓународна година на жената, Обединетите нации и официјално почнаа да го одбележуваат Меѓународниот ден на жената. Интересно е да споменеме дека Швајцарија била последната земја во Европа која го вовела правото на глас за жените во 1972 година. Денес многу организации во светот го одбележуваат Меѓународниот ден на жената, а во некои земји се залагаат 8 Март да стане државен празник. Денес, најмалку 20 земји во светот Осми март, Меѓународниот ден на жената, го слават како национален празник. Осми март е во календарот на државни празници во Русија, Виетнам, Куба, Лаос, Узбекистан, Украина, Ерменија, Монголија и во други земји.
Република Северна Македонија значително работи на сите полиња, економски, политички, социјални и здравствени, со цел да се подобри и да се олесни животот на секоја жена во општеството. Република Северна Македонија успешно ги следи и работи според следните меѓународни конвенции и декларации: Универзална декларација за човекови права, Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Европската конвенција за човекови права, Конвенција за борба против трговија со луѓе и транснационален организиран криминал и Протокол од Палермо – Европската конвенција на Совет на Европа за борба против трговија со луѓе.
На 8 Март се организираат протести кои се само симболични, со прошетка низ улиците, и тоа во организација на женските форуми на политичките партии. Пораката е секогаш дека, секој ден ќе се борат за подобрување на статусот на жената во општеството и за нејзините права.

Денес, најмалку 20 земји во светот, Осми март, Меѓународниот ден на жената, го слават како национален празник. Осми март е во календарот на државни празници во Русија, Виетнам, Куба, Лаос, Узбекистан, Украина, Ерменија, Монголија и во други земји

Кристина Трајановска





# „Виулица од души“

Временската машина“ на „Штит“ овој март патува на Балтикот, во Латвија, повеќе од еден век наназад, пренесувајќи ни ја приказната за 16-годишното момче Артурс, чие детство е скратено од Првата светска војна. Приказната за Артурс, која е централна тема на оваа екранизација, е инспирирана од книгата „Виулица од души“ на Александар Гринс, во која авторот го опишува сопственото искуство и сеќавања од војната, личните и колективните загуби, но и неговиот мал придонес во независноста на Латвија. Во петте години на борба и животот во рововите, ја гледаме растргнатоста меѓу руските и германските влијанија, чувството на национализам, но и желбата за лична одмазда на едно момче на кое му е земено сè уште пред да созрее и да стане маж.

## Кошмарен поглед на воениот хаос

Шеснаесетгодишниот Артурс Ванагс живее на фарма во мало село во Латвија и, иако Европа веќе цела година гори во војна, тој не размислувал веројатно многу за неа, сè додека еден ден војната не тропне на неговата врата. Убиството на неговата мајка од страна на Германците, кои ја убиваат само затоа што не успева да го смири разлајаното куче, додека Артурс се крие под креветот во домот, ќе му остави трага на вина и желба за одмазда. Прогресирањето на германските сили кон Латвија е пропратено со наредба од Руската Империја во чиј состав е и малата балтичка земја, сите селани да ги уништат и да ги напуштат своите домови, за да не остане ништо за непријателите. Останувајќи без ништо, на Артурс, неговиот татко и постариот брат им преостанува само едно – да се пријават како доброволци во руската војска, иако двајца од нив не ги исполнуваат условите, Артурс е премлад, а таткото - престар… Но, лажирањето за возраста на синот и богатото искуство на неговиот татко - воен ветеран, ги носи на Источниот фронт и го соочува момчето со непознат дотогаш за него ризик. Еуфоријата од тренинзите, главно водени од неговиот татко како истакнат ветеран и возбудата од првите контакти со оружје, многу брзо ќе се претворат во вистински огномет од куршуми, гранати и шрапнели. За среќа, тука е заштитата од страна на братот и таткото, ама војната е војна и набрзо таа заштита ќе ја снема, бидејќи во неа сечиј живот виси на конец. Насловот на филмот е најубаво илустриран во првата сцена со која започнува филмот, истата која се повторува и некаде при крајот: тела на мртви војници, некаде и делови



од тела прекриени со тенок слој на снежна прекривка во виулична ноќ.
Филмот го следи хронолошки растењето на момчето во петгодишниот период на војната. На почетокот, при неговиот прв контакт со војната, Артурс е наивен, восхитен од храброста на неговиот татко, несвесен за сериозноста на ситуацијата која ќе му ја донесе брзо и првата од вкупно четирите блиски средби со смртта, недостатокот на борбеност и жар кои се евидентни кај другите членови на семејството. Но, губењето на неговиот татко и негов идол, а подоцна и на неговиот брат, ќе го смени детето однатре и во него ќе разбуди храброст која ќе им пркоси на германските куршуми.
Тој станува херој, лидер на фронтот, војникот кој не се плаши да тргне прв напред, инспирација за младите деца-војници во чии погледи во ровот тој ќе се препознае себеси и ќе им даде храброст да се борат. И ние, како гледачи, во исплашените деца лесно можеме да повлечеме паралела со момчето кое во германскиот ров, едвај, со двоумење, ќе го забоде бајонетот во стомакот на германскиот врсник и со тоа засекогаш ќе ја загуби невиноста на детето од фармата на едно латвиско село. Тоа е моментот кој на главниот јунак ќе му ја вдахне психологијата на војник – да се делува, а не да се мисли..



## Кога војната има цел

Следејќи ја приказната на Артурс Ванагс, успеваме да уловиме неколку клучни точки - пресвртници во еволуирањето на личноста на главниот протагонист. Највидлива е секако загубата на најблиските, гладот и студот но, во војна, момчето ќе доживее и преживее многу повеќе од тоа: разочарувањето од откажаната поддршка на руските сибирски сили, тешките повреди кои го враќаат во болница, каде во една ноќна сцена ги гледаме немирните соништа на војниците заматени во континуирани кошмари од фронтот, но, најстрашно од сè, е третманот од страна на штотуку формираната Црвена армија. Од една страна, принудени да се борат во руската империјалистичка војска, од друга страна третирани како нерамноправни со руските војници, национализмот кај Латвијците се зголемува и кулминира со Октомвриската револуција и доаѓањето на Ленин кога, всушност, и се појавува можност за создавање на самостојна држава. Националистите се третирани како предавници и осудувани на смрт, а егзекуцијата била доделувана на пријателите сонародници, покажувајќи ја на дело немилордноста на Црвената армија. Моментот кога Артурс ќе добие црвена ѕвезда залепена на неговата капа и наредба да го убие неговиот другар е моментот кога Артурс ја сфаќа небулозата на војната и измамата од сите за кои се борел и решава да се повлече. Неговиот ентузијазам и борбен жар опаѓаат, но, тоа трае само кратко. Уште еднаш зема оружје во својата рака, но овојпат знае за што се бори, за својата држава – Латвија.

## Голем успех за латвиската кинематографија

Улогата на Артурс Ванагс ја толкува младиот актер Ото Брантевигс, кој во конкуренција на 1300 актери успеал да ја добие ролјата, иако немал никакво претходно актерско искуство. Тоа дефинитивно била добра одлука на екипата за кастинг, бидејќи Брантевигс нуди едно длабоко емотивно патување низ карактерот на главниот протагонист и неговата појава е неизбежна компонента на позитивните филмски критики за филмот.
Овој филм е и латвискиот кандидат за најпрестижната награда „Оскар“ за нејзиното 93-то издание, но, за жал, не успеал да ја добие номинацијата.
И покрај тоа, успехот на филмот е навистина евидентен, посебно кај домашната публика кај која бележи успех, незапаметен во последните 30 години.
Филмот има маркантна фотографија, музика, фабула и сценарио, комбинација која е вистински празник за очи и уши.
Неизбежно е и да се забележи тонот и визуализацијата која многу се доближува до холивудските блокбастери, па многумина за овој филм влечат паралела со оскаровецот „1917“ на Сем Мендес, со тоа што овој филм е пореален во визуелната репрезентација, но, не помалку епски. Најепски прикажана битка е веројатно онаа кај Цесис, каде и Артурс го добива статусот на херој, битка важна за независноста на Латвија. Од сценариото се иземени политичките сегменти опфатени во мемоарите на Александар Гринс, за кои подоцна, во 1940 година, Гринс е осуден и стрелан од страна на СССР, а фокусот е само на личната приказна, на војникот Гринс и неговите страдања и трансформации во екот на Првата светска војна.
Филмот е добитник на пет најпрестижни награди во Латвија, а кај нас е достапен да се погледне на стриминг-сервисот HBO.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Dzintars Dreibergs

**Улоги:** Oto Brantevics, Mārtiņš Vilsons, Rēzija Kalniņa, Raimonds Celms, Gatis Gāga, Jēkabs Reinis, Renārs Zeltiņš, Ieva Florence

**Сценарио:** Boris Frumin

**Кинематографија:** Valdis Celmiņš

**Музика:** Lolita Ritmanis

**Времетраење:** 120 минути

**Година:** 2019

**Земја:** Латвија

**Награди:** Награда за најдобра музика на „Hollywood Music in Media Awards“, филм на годината на „Kilogram of Culture“, пет награди „Big Cristopher“



# Планината Голак – потенцијал за зимски тури

Планината Голак се наоѓа во североисточниот дел на Македонија, на десетина километри од државната граница со Бугарија. Во нејзиното подножје лежат четири општини: Делчево, Берово, Пехчево и Виница, со вкупно 51 населено место.
Планината Голак ги зафаќа површините западно од Делчево и источно од Виница. Источните и североисточните падини од планината Голак, кои гравитираат кон Делчево, припаѓаат кон општина Делчево, а западните и северозападните падини, кои гравитираат кон Осојница, припаѓаат кон општина Виница.
Планината Голак според својот релјеф е ридско-планинско подрачје со многубројни реки, долови и суводолици, со стрмни и благи падини. Главен и највисок врв е Чавка (1.536 м.н.в). Се издвојуваат и врвовите Стамболиска Чука (1.319 м.н.в) и Стенче (1.176 м.н.в). Врвот Чавка е популарен и по манастирот „Свети Пантелејмон“.
Таму, на 8 и 9 август има голема манифестација со музика, забава и гости од регионот и пошироко. Се собираат повеќе од 15.000 луѓе. Тоа е убава традиција што со години се одржува. Се организира и планинарски марш, доаѓаат луѓе од цела Македонија и Бугарија.
На планината има детско одмаралиште со капацитет од 180 легла, 5 вили на локални фирми, со вкупен капацитет од 60-70 легла, неколку приватни кампови, зграда на ШС ПЕ „Голак“, терени за фудбал, кошарка и одбојка, планинска велосипедска патека, патека на билките, детска едукативна патека.
Таму се наоѓа и таканаречената Бун Чешма со лековита вода, за која велат дека водата доаѓа од Рила. Теренот наоколу во зима е атрактивен и за скијање. Благата стрмнина, која го искачува врвот, е идеална за почетници. Има потенцијал за зимски туризам.
Планината Голак има извонредно шумско богатство. Најзастапена е дабовата шума, потоа боровата и во најмал процент е застапена буковата шума. Постои и изобилство на лековити билки и ендемски растенија, како и изобилство на шумски плодови. Покрај растителен, планината има и богат животински свет, меѓу кои постојат и загрозени видови како: дива свиња, срна, див зајак, црниот орел, еребица и був.
Ако сакате да почувствувате вистинска идила во природа, непроценливо чист воздух и прекрасни глетки, тогаш одлучете се за викенд на планината Голак.

Кристина Илиевска


зам













